# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

ООУ „Никола Карев“ Радовиш

**декември, 2025 година**

ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО
ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА УЧИЛИШТЕТО

| Централен училишен објект – Радовиш | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ„Никола Карев“ |
| Адреса, место, општина | Илинденска бб |
| Телефон | 032/ 63 51 79 |
| Веб-страница | www.oounikolakarev.mk |
| Е-маил | ***ou-nikolakarev-radovish@schools.mk*** |
| Основано од.. | МОН |
| Верификација-број на актот | 10-4000/1 |
| Година на изградба | 1991 год., доградба 2012 год. |
| Тип на градба | масивна |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 2500 m2 |
| Училиштен двор (m2) | 7400 m2 |
| Површина на спортски терени и игралишта | 3000 m2 |
| Начин на загревање на училиштето | Со сопствен топловоден систем на централно греење на нафта, клима уреди (дополнително по потреба) |
| Училиштето работи во смени | Една |
| Број на паралелки | 30 |
| Број на комбинирани паралелки | / |
| Наставен јазик/јазици на училиштето | Македонски |
| Паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Паралелки од музичко училиште | 10 |
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други податоци за основното училиште | / |
| Подрачни училишни објекти | |
| Име на основното училиште | ПУ „Никола Карев” с.Тополница |
| Адреса, место, општина | с.Тополница |
| Телефон | / |
| Факс | / |
| Веб-страница | www.oounikolakarev.mk |

| | |
|---|---|
| Е-маил | ou-nikolakarev-radovish@schools.mk |
| Основано од.. | МОН |
| Верификација-број на актот | 10-4000/1 |
| Година на изградба | / |
| Тип на градба | масивна |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 280 $m^2$ |
| Училиштен двор (m2) | 900 $m^2$ |
| Површина на спортски терени и игралишта | 800 $m^2$ |
| Начин на загревање на училиштето | Печки на пелети |
| Училиштето работи во смени | 1 |
| Број на паралелки | 2 |
| Број на комбинирани паралелки | 2 |
| Наставен јазик/јазици на училиштето | Турски |
| Паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Паралелки од музичко училиште | / |
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други податоци за основното училиште | / |
| Подрачни училишни објекти | |
| Име на основното училиште | ПУ „Никола Карев” с.Бучим |
| Адреса, место, општина | с.Бучим |
| Телефон | / |
| Факс | / |
| Веб-страница | www.oounikolakarev.mk |
| Е-маил | ou-nikolakarev-radovish@schools.mk |
| Основано од | МОН |
| Верификација-број на актот | 10-4000/1 |
| Година на изградба | / |
| Тип на градба | масивна |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 132 $m^2$ |
| Училиштен двор (m2) | 832 $m^2$ |
| Површина на спортски терени и игралишта | / |
| Начин на загревање на училиштето | Со сопствен топловоден систем на централно греење на нафта, |

| | |
|---|---|
| | Печки на пелети (дополнително по потреба) |
| Училиштето работи во смени | 1 |
| Број на паралелки | 3 |
| Број на комбинирани паралелки | 2 |
| Наставен јазик/јазици на училиштето | Турски |
| Паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Паралелки од музичко училиште | / |
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други податоци за основното училиште | / |
| Подрачни училишни објекти | |
| Име на основното училиште | ПУ „Никола Карев” с.Прналија |
| Адреса, место, општина | с.Прналија |
| Телефон | / |
| Факс | / |
| Веб-страница | www.oounikolakarev.mk |
| Е-маил | ***ou-nikolakarev-radovish@schools.mk*** |
| Основано од.. | МОН |
| Верификација-број на актот | 10-4000/1 |
| Година на изградба | / |
| Тип на градба | Масивна |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 132 $m^2$ |
| Училиштен двор (m2) | 532 $m^2$ |
| Површина на спортски терени и игралишта | / |
| Начин на загревање на училиштето | со пелети |
| Училиштето работи во смени | 1 |
| Број на паралелки | 2 |
| Број на комбинирани паралелки | 2 |
| Наставен јазик/јазици на училиштето | Турски |
| Паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Паралелки од музичко училиште | / |
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други податоци за основното училиште | / |

**Самоевалуацијата** е постапка со која се вреднува сопствената практика и сопствената работа, тргнувајќи од анализата на тоа што е направено и како е направено.

Во средиштето на процесот на самоевалуација се три основни прашања:

- **Колку сме добри?**
- **Како тоа го знаеме?**
- **Кои се нашите најважни проблеми кои треба да ги решиме?**

**Чекори во самоевалуацијата**




Континуираното оценување на квалитетот на работата на училиштата, со цел унапредување на нивната работа и постојан развој е една од клучните задачи на образовниот систем. Квалитетот на едно училиште се определува од неколку фактори, вклучувајќи ги постигањата на учениците, училишната клима и култура, квалитетот на наставата и учењето, политиките за управување и раководење на училиштето и сл. Оттука при ревидирањето на индикаторите дел од седумтте области, односно подрачја, со нивните индикатори беа ревидирани и наместо 7

подрачја, сега се 4, од каде се користеа информации за вреднување на сопствената практика и сопствената работа.

Самиот процес на спроведување на самоевалуација, се одвиваше на следниот начин:

- Прибирање на докази и поврзување со индикаторите на квалитет
- Анализа и триангулација на податоците
- Идентификација на силните и слабите страни во однос на секое подрачје и издвојување на приоритети
- Пишување на извештај со препораки за унапредување на училиштето

**САМОЕВАЛУАЦИЈА – ПОДРАЧЈА**

1. **Планирање, настава и учење**
2. **Постигнувања на учениците**
3. **Училишна клима**
4. **Управување, раководење и креирање политик**

**УЧИЛИШНА КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА**

1. Сузана Ѓоргиева - стручен соработник ( психолог)
2. Мите Павлов - претставник од родители
3. Кире Јанковски - предметен наставник
4. Емилија Камчева - предметен наставник
5. Илија Ковачев - предметен наставник

**ТИМОВИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА**

| **Реден број** | **ПОДРАЧЈЕ** | **КООРДИНАТОР** | **ЧЛЕНОВИ** |
|---|---|---|---|
| **1.** | **ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ** | Маријана Стојанова | Даниела В.Китанова,<br>Катерина Даневска,<br>Стојче Јовановски,<br>Анита М.Цветковски,<br>Александра Митева,<br>Сузана Георгиева, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Билјана А.Стојменова,<br>Мартин Стојанов,<br>Зуле Зафирова,<br>Ивана Чајева,<br>Сезгин Али,<br>Лина Д.Ристова,<br>Гулшен Османова |
| **2.** | **ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ** | Ленче Накева | Лидија Бехлимова,<br>Фирус Мустафа,<br>Лидија Трајкова,<br>Катица Андонова,<br>Данче Јованова,<br>Александар Коровин,<br>Олгица Пранговска,<br>Јован Трајанов,<br>Слободан Трајанов,<br>Реџеп Кадиров |
| **3.** | **УЧИЛИШНА КЛИМА** | Славица Манчева | Драгана Велков,<br>Босилка Здравкова,<br>Билјана Митева,<br>Каменита К.Атанасова,<br>Елена Манасиева,<br>Ивана Ѓоргиева,<br>Наташа Динев,<br>Ристо Спасов,<br>Александра Манасиева,<br>Александра Почивалец,<br>Емре Мехмет,<br>Мумине Алиева,<br>Атиџе Алилова |
| **4** | **УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ** | Снежана Тренчева | Васка Трајчева,<br>Цветанка Кршкова,<br>Силвана Бибовска,<br>Тања Николовска,<br>Лозка Филиповска,<br>Невенка Гаврилова, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Марјан Таранинов,<br>Стоја Митревска,<br>Фатиме Лиман,<br>Наташа К.Здравева |

При изготвување на самоевалуацијата се користеа материјали од обуката за ревидирање на индикаторите за квалитет на работата на училиштето.

**Цели на самоевалуацијата:**

- Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата;
- Ефективно и ефикасно раководење на Директорот со училиштето;
- Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти: директор, наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница и во воспитно-образовниот систем;
- Обезбедува поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето.;
- Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати
- Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување;
- Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, севкупната образовна политика преку јасна артикулација од потребата за развој на училиштето;
- Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на воспитно-образовниот – процес во училиштето
- Процесот на самоевалуација е комплексен, тој е составен од повеќе фази и активности со примена на различни методи и техники со цел создавање единствени критериуми.

**Очекувани резултати**

- Самоевалуацијата секогаш резултира со идентификување на состојбата, со потребата за унапредување на квалитетот на наставата на ниво на училиште;
- Самоевалуацијата ја поттикнува тимската работа меѓу субјектите вклучени во воспитно-образовниот процес, се со цел подобрување на квалитетот во учењето и поучувањето;
- Податоците добиени од самоевалуацијата ќе помогнат да се откријат јаки и слаби страни во секое подрачје;
- Преку откривањето на јаките и слабите страни во секое подрачје, ќе може успешно да се планира сопствената работа, со надминување на слабостите преку изготвување на развоен план, со цел подобрување на целокупното работење на училиштето;
- Самоевалуацијата ја поттикнува мотивацијата кај наставниците и кај учениците;

| Подрачје 1. ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ | | |
|---|---|---|
| **Собирање податоци** | | |
| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Педагошка евиденција и документација<br>• Годишни и тематски планирања на наставници<br>• Краткорочни оперативни планови за час (сценарија)<br>• Наставни планови и програми донесени од БРО и МОН<br>• Наставни планови и програми, Годишни и тематски планирања<br>• Евидентни листови за следење<br>• Извештаи од посетени часови<br>• Разговори со директор, психолог и педагог, наставници<br>• Индивидуални наставни планови и програми за деца со посебни образовни потреби<br>• Годишна програма за работа на училиштето | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | Наставниците во училиштето изготвуваат и работат според наставни планови и програми во согласност со наставните планови и програми изготвени од БРО, а одобрени од МОН. Континуирано се следат иновациите во наставата и се имплементираат во наставните програми. Во документите за наставни програми постојат упатства и прирачници за реализација на наставната програма за одредени предмети.<br>Секоја учебна година наставниците редовно изготвуваат годишни, глобални и тематски планирања, како за задолжителните предмети, така и за изборните предмети. Изготвените планирања се доставуваат кај психологот и педагогот, каде се води евиденција и се даваат насоки за евентуални корекции.<br>Оние наставници кои имаат ученици со посебни потреби во своето одделение, изработуваат прилагодени програми за тие ученици, во соработка со стручната служба.<br>Во текот на учебната година наставниците изработуваат тематски планирања, сценарија и дневни подготовки. Во училиштето постои систем за следење на планирањето на наставата. Тој се состои од инструменти со кои се докажува дека се прегледани годишните и тематските планирања, како и инструменти за посета на час од страна на стручната служба и директорот. На почетокот на учебната година годината, директорот, педагогот и психологот извршуваат увид во глобалните и тематските планирања по наставните предмети и тематските планирања на наставниците. Најмалку два до три пати годишно се следи работата во едневниците на сите одделенија од Комисија за прегледување на педагошка евиденција и документација и директорот на училиштето. Исто така, се прави и увид во сценаријата и дневните подготовки на наставниците во текот на учебната година при посета на часови. Директорот, педагогот и психологот во учебната година ја следат реализација на наставните часови. При посета на час прави увид во планирањата на наставниците, нивната усогласеност со |

| | | |
|---|---|---|
| • Спроведени прашалници и анкети на наставници, ученици и родители<br>• Спроведени интервјуа од директор, стручни соработници, наставници<br>• Записници од наставнички и одделенски совети, стручни активи, родителски средби.<br>• Записници од Училишен Одбор, Совет на родители, Ученички парламент<br>• Записници од претходните инспекциски надзори<br>• Записници од работата на тимовите за училишниот инклузивен тим<br>• Брошури и веб страна на училиштето | | наставниот план и програма, реалиазција на часот и др. Сите опсервации се забележуваат во формулар и на тој начин наставниците добиваат увид во успешноста на часот.<br>Секој наставник ги запознава учениците со наставниот план и програма за наставните предмети што ги предава, а родителите се запознаени со истите на првите родителски средби. Според анкетираните наставници, родители и ученици најголем број се изјасниле дека се информирани дека наставните планови и програми се во согласност со МОН и БРО. За реализација на наставните планови и програми родителите се информираат и на состаноците на Советот на родители. Доколку во наставните планови и програми настанат промени, наставниците се информираат на ниво на актив и училиште. |
| | Размена на искуства и на информации при планирањето | Наставниците најчесто ги разменуваат информациите, искуствата и идеите во рамки на стручните активи, со подршка од стручната служба каде споделуваат сопствени искуства и добри практики од планирањето со што се подобрува квалитетот на планирањата. Наставниците од одделенска и предметна настава на стручните активи разговараат за планирањата и дополнителните дидактички материјали и најчесто заедно ги изработуваат. Од посетените обуки се врши дисеминација на наставниците. Исто така постои интензивна соработка со наставници од други училишта, консултирање со стручни лица, користење меѓународни искуства со што се разменуваат искуства и добри практики. Во соработка со стручната служба, наставниците и родителите, наставниците кои работат со ученици со посебни образовни потреби изготвуваат прилагодени програми по кои ја реализираат наставата со овие ученици. По повеќе наставни предмети застапена е корелација (интегрирање) на наставните содржини. |
| **Индикатор 1.2 Наставен процес** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Годишна програма за работа на училиштето; | Реализација на наставни планови и програми | Наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН, а предложени од БРО. Наставните планови и програми се реализираат целосно со прилагодување на содржините според условите и можностите на училиштето и со |

| | | |
|---|---|---|
| • распоред на часови;<br>• е-дневник;<br>• педагошка евиденција и документација;<br>• списоци и извештаи од реализирани обуки;<br>• записници од состаноци на стручни активи;<br>• анкети со наставници, ученици, родители/старатели;<br>• дискусии во фокус групи со ученици, наставници и родители/старатели;<br>• интервјуа со директорот, стручните соработници;<br>• извештаи од посети на наставни часови;<br>• решенија за инклузивен тим на училиштето;<br>• изработени ИОП и модифицирани програми за учениците со посебни образовни потреби;<br>• записници од состаноци на училишните тимови за инклузија и инклузивните | | остварување на поставените цели. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем и број на часови.<br>Наставните планови и програми во секое време им се достапни на наставниците, бидејќи се во електронска форма за секое одделение на веб страната на БРО и истите се користат во секојдневното работење.<br>Во учебната 2021/2022 година се воведе нова Концепција за основно образование за прво и четврто одделение. Во учебната 2022/23 со концепцијата беа опфатени II и V, а во учебната 2023/24 година со новата концепција беа опфатени и III и VI одделение. Наставниот план содржи задолжителни предмети 8-11, слободни изборни предмети во IV, V и VI ислободни изборни активности во I, II и III одделение. |
| | Избор на наставни предмети | Изборот на слободните изборни предмети е во согласност со наставните планови и програми донесени од БРО, Водичот за слободни изборни предмети заосновно образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците.<br>Училиштето нуди слободни изборни предмети кои ја збогатуват воспитно-образовната дејност и се доживуват како интересни и корисни од страна на учениците, придонесуват за подобрување на климата за учење и на севкупната привлечност на самото училиште.<br>Како одговор на прашањето: Како се одвива процесот на понудување и избор на слободни изборни активности и предмети? Во рамки на интервју направено со директорот и стручните соработници се констатира дека истиот се врши преку спроведување анкета во вид на прашалник кој се пополнува анонимно. Прво, се врши проверка на првичен интерес од страна на учениците и врз основа на добиените резултати се изработува прашалник со понудени 12 предмети (по три од сите четири категории).<br>Од преглед на документацијата за избор на изборни предмети е констатирано дека училиштето има и ја испочитувало процедурата за извршено анкетирање на учениците за изучување на изборни предмети. После спроведената анкета се прави анализа на добиените одговори и се утврдува кои изборни предмети ќе ги учат учениците во текот на учебната година.<br>Анкетирање на ученици со цел прибирање податоци за постапката за избор на изборни предмети. |

| | | |
|---|---|---|
| тимовиза ученик; извештаи и записници од тимови за училишна интеграција (ТУИ),<br>• извештаи од реализирани активности за меѓуетничка интеграција, вклучително и заеднички наставни часови;<br>• материјали од постапката за определување изборни/слободни изборни предмети и активности;<br>• планирања за изборни предмети. | | Во училиштето има 617 ученици. Анкетирани се вкупно 90 ученици по случаен избор или 14,6% од вкупниот број. 17,7% од учениците одговориле дека ‘сами’ одлучуват кој изборен предмет ќе го изучуват. Со ‘наставници’ одговориле 16,6% од испитаниците, а 42,2% одговориле дека ‘родителите’ им помагаат при изборот на изборен предмет. Од добиените податоци се заклучува дека најголем процент на доверба по однос на ова прашање учениците го довериле на своите родители што од друга страна го потврдува фактот дека родителите се запознаени со листата на изборни предмети и активности и истите се во согласност со интересите на учениците. |
| | Избор на задачи, активности и на ресурси | Сите наставници, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Притоа наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна стручна литература. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби. Дефектологот во училиштето дава поддршка на наставниците при изработка на ИОП и модифицирана програма низ консултативни средби. Во одделенијата со ученици со посебни потреби се вклучува по потреба во образовниот процес. Во прашалникот за наставниот кадар, наставниците се изјаснија дека задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците и дека во наставата користат различни ресурси за учење и настава. |
| | Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | Преку интеракција меѓу наставниците и учениците, како и меѓу самите ученици успешно се остваруват воспитно-образовните цели и задачи. Наставниците не се само преносители на знаење. Тие се навигатори низ светот на прашањата, поддржувачи, огледала на верба. Ваквата негова улога треба да обезбеди мотивирани и ангажирани ученици способни да поставуват прашања и да бидат вклучени во дискусии каде ќе го искажат своето мислење.<br>За потребите на самоевалуацијата беше спроведено истражување во вид на анкета, во која беа опфатени и наставниците и учениците. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Анкетирани се вкупно 41 наставник од вкупно 59.<br>78% од наставниците се согласуват со тврдењето дека наставниците и учениците взаемно се почитуваат, 4,8% од испитаниците одговориле со ‘многу’. 12,1% се изјасниле со ‘понекогаш’, а 7,3 % од наставниците не се согласуват со тврдењето, односно сметаат дека не постои взаемно почитување меѓу наставниците и учениците.<br>Од добиените податоци се заклучува дека 95,1% од испитаниците се согласуваат дека наставниците и учениците се меѓусебно почитуваат.<br>Во училиштето има 617 ученици. Анкетирани се вкупно 90 ученици по случаен избор или 14,6% од вкупниот број.<br>91,1% од учениците се согласуват со тврдењето дека во наставниот процес се вклучени подеднакво сите, машки/женски. 6,6% не се согласуват со тврдењето, односно сметаат дека сите ученици ‘не’ се активно вклучени во наставата (поставуваме прашања, дискутираме, работиме во групи). Позитивно со ‘ДА’ одговориле 91,1% од вкупниот број на испитаници што значи дека во наставниот процес подеднакво се вклучени и машки и женски.<br>Добиените податоци дополнително се проверени преку интервју со стручен соработник – педагог при што се констатира дека постои добра интеракција наставник-ученик и ученик-ученик. Од извештаите од посетите на наставните часови може да се заклучи дека учениците со почит се однесуват кон наставникот и соучениците; наставникот обезбедува еднакви можности за вклучување на часот односно работи и ги активира сите ученици; изборот на наставните методи и техники овозможува интеракција меѓу учениците и слободно изразување. Интеракцијата меѓу учениците може да се подобри уште повеќе преку организирање групни активности и проекти кои поттикнуват соработка, комуникација и тимска работа, организирање дебати и дискусии во кои учениците ќе се охрабрат да поставуват прашања и да го изразат своето мислење се со цел позитивна интеракција и соработка меѓу учениците. |
| | Реализација на образовна инклузија | Во училиштето се реализира образовна инклузија, има неколку ученици со посебни потреби (со медицинска белешка), вклучени во наставниот процес со прилагодени наставни програми според нивните можности. Некои ученици имаат прилагодена наставна програма само по неколку предмети каде што имаат потешкотии, а некои работат по |

| | | |
|---|---|---|
| | | прилагодена наставна програма по сите предмети. Учениците со посебни потреби имаат образовни асистенти, а во училиштето има вработено и дефектолог кој исто така работи со нив.<br>Преку анкета се провери мислењето на наставниците за нивната подготвеност и обученост во прилагодувањето на наставните програми на индивидуалните образовни потреби на учениците.<br>Анкетирани се вкупно 41 наставник од вкупно 59.<br>73,1% од наставниците можат да ги прилагодат наставните програми на индивидуалните образовни потреби на учениците. Со 'многу' одговориле 9,7%. 14,6% од испитаниците дале одговор 'понекогаш', а 2,7% од наставниците сметаат дека не можат да ги приспособат програмите на индивидуалните потреби на учениците.<br>Добиените податоци покажуват дека најголемиот број наставници или 97,5% можат да ги прилагодат наставните програми согласно индивидуалните потреби на учениците.<br>Интервју со стручен соработник – дефектолог во врска со инклузивните процеси во училиштето. Во училиштето има формирано училиштен инклузивен тим (УИТ) кој се грижи за инклузивните практики на ниво на целото училиште и инклузивен тим на ученик (ИТУ) кој во фокусот на својата работа ги има конкретните ученици, изготвувањето и реализирањето на нивните ИОП-и (индивидуални образовни планови). Членови на ИТУ: директор, психолог, дефектолог, родител, наставник. Координатор на тимот е дефектологот. Образовната инклузија во училиштето е на средно ниво. Како процес се одвива постепено и се уште треба да работиме на прифаќање на различностите и емпатија, вклучување во повеќе заеднички активности. Од посетата на час од страна на дефектологот е констатирано дека во дневните планирање на наставниците постои дел кој се однесува на ученик/ци со попреченост што значи дека задачите и активностите на часовите самите наставници ги приспособуват на индивидуалните образовни потреби на учениците. Ефикасен наставник во училницата е сличен на диригент на оркестар кој поседува свесност за сите инструменти, звуци и музичари следејќи го квалитетот на вкупниот музички резултат. Предизвик е да се создаде средина која ги мотивира и поттикнува сите ученици да учат и да бидат вклучени во наставниот процес. Во создавањето на таква |

| | | |
|---|---|---|
| | | средина за учениците со попреченост свој придонес дават и образовните асистенти. Соработката со нив е позитивна и на задоволително ниво, иако потребни се дополнителни обуки за стекнување на потребните компетенции за работа со деца со попреченост и за наставниците и за асистентите. На прашањето каква е соработката со надлежниот ресурсен центар, истата се уште е на ниво на барање поддршка за обезбедување на образовни асистенти и поддршка за работа со деца на кои им е потребен одреден профил (а кој го нема во училиштето). |
| | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | Во училиштето учат ученици од различно етничко потекло - Македонци, Роми, Турци и др. Во училиштето се изведува настава на два наставни јазика. Во централното училиште се изведува настава на македонски наставен јазик, а во трите подрачни училишта се изведува настава на турски наставен јазик. Според тоа наставните планови и програми се реализираат според мајчиниот јазик на учениците. Сите ученици рамноправно се вклучени во наставата и нема никава родова и етничка поделба.<br>Мултикултурализмот е застапен во годишната програма на училиштето интегрирано со наставни активности, мешани часови, заеднички активности во различни секции.<br>Преку бројните активности предвидени во Годишната програма за работа, активно се работи на промовирање и негување на меѓуетничката интеграција во образованието, развивање свест кај учениците за потребата од почитување на другите култури и комуницирање со припадниците на другите етнички заедници.<br>Со својата работа сите вработени во училиштето придонесуваат за негување и развој на мултикултурните разлики и вредности, елиминирање на сите форми на дискриминација, промовирање на еднаков пристап и можности за развој на сите ученици. Преку својата секојдневна работа наставниците и педагошко-психолошката служба секогаш промовираат соживот, пријатна работна атмосфера на меѓусебно почитување, еднаквост, правичност и толеранција помеѓу учениците и наставниците од различна етничка припадност и пол. |
| **Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето** | | |

| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| • Наставни планови и програми донесени од БРО и МОН<br><br>• Годишна програма за работа на училиштето<br><br>• Годишни и тематски планирања на наставниците<br><br>• Прилагодени наставни програми за ученици со ПОП<br><br>•Записници од одржани состаноци на стручни активи<br><br>• Записници од анкети за изборни предмети и проширена програма<br><br>• Дневник на паралелка<br><br>• Брошури и интернет страница на училиштето | Средина и атмосфера за учење | Средината за учење во училниците е уредена така што обезбедува чувство на сигурност, пријатност и мотивација кај учениците. Просторот е функционално организиран, со јасно дефинирани правила за однесување кои се познати и прифатени од сите ученици. Ваквата организација придонесува за создавање позитивна клима во која учениците се чувствуваат безбедно, прифатено и охрабрено да учествуваат во наставата.<br><br>Атмосферата за учење се темели на меѓусебно почитување, доверба и отворена комуникација. Наставниот кадар поттикнува пријателски однос со учениците, ги слуша нивните мислења и ги охрабрува да поставуваат прашања и да ги изразуваат своите идеи без страв од грешка. Учениците се мотивираат да соработуваат, да си помагаат меѓусебно и да работат во парови или групи, што позитивно влијае врз нивниот социјален и емоционален развој.<br><br>Во наставниот процес се применуваат разновидни наставни методи и активности (разговор, дискусија, практични задачи, креативни активности, игри за учење), со што се задржува вниманието на учениците и се зголемува нивната заинтересираност. Позитивната дисциплина и јасната структура на часовите придонесуваат за мирна и работна атмосфера, во која учениците полесно се фокусираат и активно учат. |
| | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на<br><br>учениците | Во текот на наставата континуирано се следи напредокот на секој ученик со цел навремено да се идентификуваат неговите индивидуални способности, интереси и образовни потреби. Преку набљудување, разговор со учениците, анализа на нивните активности и примена на формативно оценување, се добива јасна слика за нивното темпо на учење и нивото на разбирање на наставните содржини.<br><br>Се применува диференциран пристап во наставата, при што наставните задачи се прилагодуваат според можностите на учениците. Учениците кои имаат потешкотии добиваат дополнителна поддршка, поедноставени инструкции и повеќе време за работа, |

| | | |
|---|---|---|
| | | додека напредните ученици се мотивираат преку посложени и истражувачки задачи кои го поттикнуваат нивното критичко размислување.<br><br>Посебно внимание се посветува на учениците со различни стилови на учење, при што се комбинираат визуелни, аудитивни и практични активности. На овој начин секој ученик добива можност да учи на начин кој му е најсоодветен. Се поттикнува самодовербата кај учениците преку позитивна повратна информација и охрабрување, што придонесува тие да се чувствуваат вреднувани и прифатени.<br><br>Со ваквиот инклузивен и индивидуализиран пристап се создава средина во која сите ученици имаат еднакви можности за напредок и успех. Наставата е насочена кон развој на знаењата, вештините и личните потенцијали на секој ученик, а искуствата од учењето се позитивни, мотивирачки и значајни.<br><br>Стручните соработници во соработка со наставниот кадар, на почетокот на учебната година ги идентификуваат учениците со потешкотии и надарени и талентирани ученици. Поголем дел од наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето. Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели. Учениците кои имаат документ од МКФ се ученици кои се категоризирани и работат со ИОП, кој го изготвуваат наставниците во соработка со стручните соработници и образовните асистенти кои се во паралелките. |
| **Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Програма за работа на училиштето; | Училишна политика за оценување | Оценувањето на учениците како процес на систематично собирање и анализа на информации за знаењата, вештините и |

| | | |
|---|---|---|
| • Правилник за оценување и напредување на учениците; интерен правилник за оценување;<br>• Увид во педагошката евиденција и документација;<br>• Записници од стручните активи, наставнички совет;<br>• Прашалници за учениците и наставниците, родителите/старателите, локалната самоуправа<br>• Примери на оценети ученички трудови;<br>• Увид во педагошката евиденција и документација;<br>• Записници од стручните активи, наставнички совет;<br>• Интервју со стручна служба | | ставовите на учениците со цел да се утврди нивниот напредок и да се подобри квалитетот на образованието. Наставниците дизајнираат тестови, проектни задачи и испити за да ги оценат знаењата и вештините на учениците во одреден предмет или област, а учениците работат на проекти кои ги комбинираат знаењата од различни предмети, а наставниците ги оценуваат нивните резултати, како учество на часот, нивната способност да работат во тим. Учениците ги оценуваат своите сопствени резултати и си поставуваат цели за подобрување. Формативното и сумативното оценување се врши за време на процесот на учење, како и за одреден временски период со цел да се утврди напредокот на учениците и да се подобри квалитетот на образованието, да се утврди нивото на знаења и вештини на учениците.<br><br>Во планирањето и оценувањето се вклучуваат и учениците, преку самооценување и соученичко оценување. За секој наставен предмет се изготвуваат критериуми за оценување, на ниво на стручни активи, со кои ги запознаваат учениците уште на самиот почеток на наставата. Освен учениците, со критериумите ги запознаваат и родителите. Во училиштето има кодекс на оценување со кој ги запознаваат и родителите и учениците. Секогаш даваат писмена и усна повратна информација за подобрување на постигањата учениците.<br><br>Во склоп на годишната програма редовно се изготвува план за оценување. Во училиштетео постои Кодекс на оценување кој го почитуваат учениците, наставниците и родителите. Со Кодексот на оценување се запознати и учениците и родителите. Информациите од оценувањето се користат во наставата за подобрување на учењето на учениците, како и подобрување на поучувањето, односно доколку има потреба промена на приодот на поучување на наставниците.<br><br>За обработка на темата училишна политика за оценување од индикаторот Оценувањето како дел од наставата се користеа повеќе извори на податоци, беше спроведена анкета со наставниците, со родителите, со учениците. Исто така, беше водена дискусија со фокус групи на наставници и ученици, интервју со стручната служба и |

| | | |
|---|---|---|
| | | директорот и др.<br><br>На барање од Директорот, Прашалникот за родители изготвен од училишниот психолог го спроведоа одделенските раководители од I – IX одделение. Анкетирањето беше анонимно, и беа опфатени родителите на учениците од I – IX одд. по случаен избор, под реден број 1, 3, 5, 7, 9, 11... , односно непарните броеви од е-дневникот на паралелката.<br><br>Анализата на Прашалникот за родители ја изврши училишниот психолог со помош на училишниот дефектолог. Вкупно беа анкетирани 90 родители на возраст од 28 до 52 години. Од анкетираните родители 96% се со место на живеење во град, кај 86% мајчин јазик во семејството е македонскиот јазик а 68% од анкетираните се од женски пол. Од извршената анализа на Прашалникот за родители се утврди дека:<br><br>Од анкетираните родители 56% истакнуваат дека наставниците ги почитуваат и правилно вреднуваат знаењата на учениците;<br><br>- 90% се задоволни од успехот на нивното дете<br><br>51% истакнуваат дека училишната средина доволно ги поттикнува и мотивира учениците за учење<br><br>97% сметаат дека е големо влијанието на семејството врз редовноста, поведението и успехот на учениците;<br><br>98% од родителите истакнуваат дека училиштето дава доволно информации на родителите за напредокот на нивните деца;<br><br>98% од анкетираните родители сметаат дека децата од различна етничка припадност се подеднакво опфатени во образованието;<br><br>Прашалникот ни помогна да го анализираме нашето училиште од аспект на родителите, да дојдеме до дополнителни податоци и информации кои на друг начин не можевме да ги добиеме, и заеднички во иднина да се обидеме да работиме на елиминирање и подобрување на слабостите но и на подобрување како и унапредување на позитивните страни. Доколку сите заеднички се |

| | | |
|---|---|---|
| | | залагаме, соработуваме и се ангажираме, напредокот и успехот нема да изостанат.<br><br>Прашалникот за лица вработени во локалната самоуправа, е изготвен и спроведен со цел добивање дополнителни податоци и информации од вработените во локалната самоуправа за вклученоста на училиштето во животот на локалната заедница, колку заедницата е информирана, дава поддршка и се вклучува во подобрувањето на условите за работа во училиштето.<br><br>На барање од Директорот, анализата на Прашалникот за лица вработени во локалната самоуправа ја изврши училишниот психолог. На вработените во локалната самоуправа однапред им е соопштена целта на анкетирањето, неограниченото време за работа и им е дадено објаснување дека во Прашалникот нема точни и неточни одговори и затоа е пожелно да одговараат искрено.<br><br>Анкетирањето беше анонимно, и беа опфатени вкупно 12 лица по случаен избор, на возраст од 31 до 52 години. Од анкетираните лица 25% се од машки а 75% од женски пол, кај 100% мајчиниот јазик во семејството е македонскиот јазик.<br><br>Од извршената анализа на Прашалникот за лица вработени во локалната самоуправа се утврди следното:<br><br>- 100% од анкетираните се произнеле дека децата / учениците од различна националност се подеднакво прифатени и рамномерно третирани во училиштето;<br><br>Оценувањето на ученици со посебни потреби е сложен и предизвикувачки процес, кој бара посебен пристап и внимание кон индивидуалните потреби. При оценување на ученици со посебни потреби се обезбедуваат планови кои што при нивната реализација се оценуваат ефективно, пристапно и фер за ученици со посебни потреби.<br><br>Учениците со посебни потреби имаат пристап до потребните ресурси и поддршка за да можат да учествуваат ефективно во процесот на оценување. Наставниците и другите професионалци кои |

| | | |
|---|---|---|
| | | работат со нив имаат пристап до потребните ресурси и поддршка.<br><br>Ефективно се комуницира со родителите и семејството на учениците со посебни потреби за време на процесот на оценување. Се обезбедува вклученост на родителите и семејството во процесот на оценување и нивните ставови се уважуваат, и се заштитува приватноста и доверливоста на учениците со посебни потреби за време на процесот на оценување. |
| | Методи, форми и инструменти за оценување | Секој наставник го следи напредокот на учениците во учењето, а го оценува преку: усно проверување, писмени работи, тестови на знаење, чек листи, белешки, домашни работи на учениците, самостојни и групни проекти, активноста на учениците на часот, лични портфолија и сл. кои континуирано се надополнуваат и надоградуваат.<br><br>Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.). Инструментите за оценување се унапредуваат во соработка со стручната служба.<br><br>За обезбедување на конкретни и сигурни податоци за оваа тема, се користеа повеќе извори на податоци: прашалници за наставници, за ученици, дискусии од фокус групи со наставници, извештаи од интервјуто со стручната служба и директорот, досиејата на наставниците, записници од стручни активи за изготвување на критериумите и извештаите од следењето на часовите. |
| | Коефициент на континуитет на успехот на учениците | Статистичкиот преглед редовно се реализира и анализира од страна на стручната служба. Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од двете претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината ќе биде презентиран на крајот на учебната година.<br><br>Во нашето училиште се следи и анализира континуитетот на |

| | | |
|---|---|---|
| | | ученичкиот успех низ повеќе учебни години. Целта е да се утврди дали учениците одржуваат постојан успех и колку училишните активности, наставните методи и поддршката влијаат на стабилноста на нивните постигнувања.<br><br>Податоците покажуваат дека успехот на учениците во двете последователни години од 2022/2023; 2023/2024 година останува во континуитет (среден успех). |
| | Користење на информациите од оценувањето во наставата | Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и овие информации ги користат за подобрување на планирањето и реализацијата на наставата, како редовната така и додатната, дополнителната и воннаставни активности. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигнувањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.<br><br>За добивање на дополнителни податоци за оваа тема се користеа информации од добиените резултати од анкетирањето на наставниците и родителите, како и извештајот од интервјуто со директорот и стручната служба. |
| **Индикатор 1.5 Воннаставни активности и натпревари** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Годишна програма за работа;<br>• Програми за воннаставни активности;<br>• Извештај од реализирани екскурзии;<br>• Педагошка евиденција и документација; | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности | Воннаставните активности и учеството на учениците во натпревари претставуваат важен аспект на целокупниот образовен развој. Тие овозможуваат поттикнување на интереси, развој на социјални и креативни вештини и зајакнување на мотивацијата кај учениците. Воннаставните активности се реализираат во текот на учебната година според предвидените рамки и во согласност со можноста за реализација. Училиштето се грижи за задоволување на потребите и интересите на учениците.<br><br>Во училиштето се спроведуваат различни воннаставни активности како што се еднодневни екскурзии, излети, училишни спортски клубови, секции, акции од хуманитарен карактер, детски организации, |

| | | |
|---|---|---|
| дипломи,<br>• Признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари;<br>• Интервјуа/анкети со наставници, родители, ученици и стручни соработници за вонаставни активности;<br>• Записници од стручни активи и ученичка заедница;<br>• Список на ученици вклучени во вонаставни активности;<br>• Увид во интернет-страницата,социјалните мрежи итн. | | активности поврзани со значајни датуми и проекти за личен и социјален развој. Реализацијата на планираните активности е на задоволително ниво, со добра евиденција преку агенди, списоци на ученици, фотографии, извештаи од координатори и наставници.<br>На прашањето: Дали стекнатите знаења од вонаставните активности (слободните ученички активности, активности на училишната заедница, предавања од страна на стручните соработници или лекари, ученички екскурзии, натпревари, работа на проекти) се корисни за учениците?<br>- Со ДА одговориле 25 машки и 32 женски, вкупно 57, во просек 63,3% од вк. бр. на испитаници.<br>- Со МНОГУ одговориле 7 машки и 10 женски, вкупно 17, или, во просек 15,5% од вк. бр. на испитаници.<br>- Со ПОНЕКОГАШ одговориле 7 машки и 7 женско, вкупно 14, во просек 18,8% од вк. бр. на испитаници.<br>- Со НЕ одговориле 1 машки и 1 женско, вкупно 2, во просек 2,2% од вк. бр. на испитаници.<br>- Позитивно дека овие предавања се корисни за учениците со „да“ и „многу“, „понекогаш“ одговориле вкупно 88 или 97,7% од вкупниот број на испитаници.<br>- Негативно со „не“ одговориле 2 испитаник или 2,2% од вк. бр на испитаници, што е многу мала застапеност во негативна конотација, што значи дека предавањата од вонаставните активности се полезни и корисни за децата. |
| | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со вонаставните<br><br>активности | Во вонаставните активности се вклучени сите ученици од различен пол, а исто така се планираат и реализираат заеднички работилници на ученици со вклученост и на родители за одбележување на значајни датуми, спортски активности и сл. Ученичката заедница ја реализира својата програма преку разни активности поврзани со наставата и вонаставните активности во корелација со локалната средина со што учениците добиваат можности за дружење по разни поводи на локално ниво. |
| | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата | Учениците имаат можност да дадат предлози за вонаставните активности, но нивната вклученост во планирањето сè уште не е на задоволително ниво. Потребно е понатамошно поттикнување на |

| | | |
|---|---|---|
| | во вонннаставните активности | ученичката иницијатива и поактивно вклучување во процесот на планирање и организација.<br><br>Активностите најчесто се планираат од страна на наставниците. Во наредниот период ќе се работи на воспоставување механизми за поголемо учество на учениците, како што се анкети, ученички иницијативи и тимска работа. |
| | Натпревари | Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер. За натпреварите, како дел од воннаставните активности, се анализираа повеќе податоци добиени од повеќе извори на информации.<br><br>Од интервјуто со директорот и стручна служа во училиштето како и од извештаиите изготвени од наставниците по стручни активи се добија информации дека учениците учествуваат на натпревари кои се органзиираат, зависно од нивните можности. Само дел од учениците се вклучуваат во натпревари, најпрво на интерните што ги организира училиштето, за да се направи селекција (да се изберат најдобрите), потоа најдобрите учествуваат на општински, регионални и државни натпревари. За сите организирани натпревари, како од училиштето, од сојузи и здруженија по предмети, така и од страна на локалната заедница (други училишта, Градска библиотека и др.) од страна на директорот и стручната служба се известуваат најпрво предметните наставници, за кои е организиран натпреварот, понатаму наставиците, одделенските раководители на учениците од  предметна и одделенска настава ги известуваат учениците за органзирани натпревари. Во учебната 2022-23 и 2023-24 год. ученици учествуваа на општински натпревари по природни науки, математика, физика, хемија, биологија, македонски јазик, англиски јазик, германски јазик, натпреварот организиран од Градската библиотека: Млади библиотекари, информатичко размислување: Дабар, математички натпревар Кенгур, |

| | | |
|---|---|---|
| | | литературни и ликовни конкурси на локално, регионално и државно ниво и др. Паралелките на основно музичко образование истотака учествуваат на натпревари и фестивали по музика. На сите овие натпревари и конкурси во рамки на редовната настава и преку паралеките за основно музичко образование ученици од нашето училиште се пласираа на регионални натпревари, државни натпревари и олимпијада. На секој од овие натпревари има ученици кои освојуваат прва, втора или трета награда на општински, регионален и државен натпревар. За сите награди, признанија и дипломи добиени од страна на учениците и нивните ментори се прави извештај со список на ученици и освоени награди до училиштето. Исто така успесите се промовираат на локален медиум, социјалните мрежи и веб страната на училиштето. |

## Подрачје 1: Планирање, настава и учење

**Опис/резиме на подрачјето**

**Подрачјето 1 -Планирање, настава и учење** ги опфаќа клучните аспекти на образовниот процес: планирањето, реализацијата на наставата, искуствата на учениците, оценувањето и воннаставните активности.

Наставниците работат согласно законските прописи, користат современи методи на работа и активно работат за унапредување на својот професионален развој.

Наставните планови и програми училиштето ги реализира според Календарот за тековната година доставен од МОН, според кој потоа се планира распоред за работа на почетокот на учебната година. Наставниците изготвуваат годишни, неделни и дневни планови во согласност со националните програми и Концепцијата за основно образование. Планирањето се следи од страна на директорот и стручната служба, која обезбедува повратна информација. Размената на искуства во рамките на стручните активи е редовна, а планирањето се потпира и на податоци од анкети со наставници.

Наставата се реализира според утврдениот календар и е прилагодена на индивидуалните потреби на учениците. Наставниците користат различни приоди: учење преку истражување, проекти, игра и дигитални алатки. Во училиштето се вклучени и ученици со посебни образовни потреби во редовниот образовен систем, но со нив се работи според индивидуални образовни планови и програми кои се изработуваат според потребата, а наставниците индивидуално ги изработуваат. Посебен акцент се става на инклузивноста, каде што учениците со посебни потреби се вклучени преку ИОП и добиваат поддршка од образовни асистенти и инклузивниот тим во училиштето.

Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Стручната служба ја следи процедурата за изборните предмети. Ја спроведува со анкетни листови и ги сумира податоците, а според тоа се прави распоредот за наставниците.

| | | училишта", психологот изготвува и објавува на огласна табла неделен и месечен план за советување родители на ученици (по основ на советување)<br>Психологот реализира „Советување родители/старатели на ученици во основните училишта", согласно законот по основ на намален успех, нередовност и/или несоодветно однесување на учениците и сл.<br>Ако ученикот во текот на наставната година има негативна оценка по три или повеќе наставни предмети, има направено повеќе од десет неоправдани или 100 оправдани изостаноци, не е дисциплиниран, покажува асоцијално или антисоцијално однесување; се однесува неморално или неетички, учествува во тепачка или други форми на насилство, тогаш родителот, односно старателот на ученикот се упатува на советување. Раководителот на паралелката го повикува родителот на советување со покана упатена преку телефон,по пошта или со лична достава. Советувањето во училиштето го врши психологот на училиштето.<br>Психологот на училиштето според изготвениот неделен и месечен план за одржување на советувањето, одредува термин за советување; изготвува доставници и листа на присутни потребни за советувањето, пополнува покани за советување и обрасци 1/2/3 за евиденција на учениците по различни основи; а води и записници од одржаните советувања.<br>На овие групни советувања им се помага на родителите да можат да сватат и препознаат како кризната ситуација во семејството е поврзана со учењето и развојот на учениците и како да реагираат во одредени ситуации. Им се презентира програмата за советување, донесена од МОН, се јакнат вештините за воспитување на родителите и им се објаснуваат стиловите на родителство, при што родителите сами увидуваат што е тоа добро што го прават, а што треба да променат во своето всопитување.<br>Целта на советувањето е запознавање на родителите со одредениот вид на училишен проблем на нивното дете и укажување на можностите не само за надминување на актуелните потешкотии, туку и развивање свест за унапредување на родителските вештини, кои позитивно би влијаеле врз квалитетот на животот на детето и неговите училишни постигања. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Веднаш после советувањето на родители следува и групно советување на ученици во основните училишта, согласно програмата за советување ученици во основните училишта, со цел подобрување на успехот, поттикнување на нивниот психосоцијален развој, и коригирање на одредени облици на однесување, нивна адаптација во училишната средина и превенција од ризични облици на однесување, редовноста и поведението на учениците.<br><br>Ако родителот односно старателот не се јави на советувањето и по третата покана се известува Центарот за социјални работи, како и Педагошката служба во Скопје.<br><br>Извршените советувања на родители/старатели и ученици во училиштето кај 80 % од учениците овозможиле подобрување на училишниот успех во училиштето и делумно зголемување на редовноста на учениците.<br><br>На прашалникот за родители :<br>– 98% од родителите истакнуваат дека училиштето дава доволно информации на родителите за напредокот на нивните деца;<br>– 56% истакнуваат дека наставниците ги почитуваат и правилно вреднуваат знаењата на учениците;<br>– 97% сметаат дека е големо влијанието на семејството врз редовноста и успехот на учениците;<br><br>Доколку има потреба психологот индивидуално разговара со учениците кои имаат потешкотии во учењето, несоодветно се однесуваат, нередовно посетуваат настава или имаат намалено поведение, и во соработка со наставниците предлага форми и методи за работа со нив, согласно нивните можности и способности. |

| | | |
|---|---|---|
| | **Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава** | Наставниците од нашето училиште како и педагошко – психолошката служба имаат одлична соработка со родителите/старателите на учениците. Сите одделенски раководители одржуваат редовни родителски средби за успехот, поведението и дисциплината на учениците. Секој предметен наставник реализира редовни индивидуални средби и советувања со родителите. Училишниот психолог реализира советувања на родители / старатели на учениците во две категории; намален успех (три слаби оцени и повеќе ) и нередовно доаѓање на училиште. Резултатите од спроведениот прашалник покажуваат висок степен на соработка и комуникација помеѓу наставниците и родителите/старателите во нашето училиште. Бројот на наставници кои целосно се согласуваат со тврдењето дека им даваат јасни насоки на родителите за помош во учењето на учениците, како и нивната редовна информираност за напредокот на учениците, е значително висок. Ова укажува на тоа дека наставниците во нашето училиште активно се ангажираат и се стремат да изградат конструктивен и поддржувачки однос со родителите. Тоа, пак, создава поволни услови за учениците да имаат поголем успех во учењето, бидејќи родителите добиваат информации кои им помагаат да бидат посветени на процесот на учење на своите деца.<br><br>Училиштето постојано работи на подобрување за постигнувањата на сите ученици освен со редовната организира дополнителна и додатна настава. Секој наставник на почетокот на учебната година изготвува годишна програма за овие форми на настава. За дополнителната настава се настава изготвуваат и посебни известувања до родителите на учениците кај кои се воочени потешкотии во совладувањето на материјалот по поедини предмети. Во училиштето се реализира дополнителна настава за ученици на кои им е потребно. Во нашето училиште се организира и додатна настава за учениците кои сакаат да научат нешто повеќе. Редовно се одржуваат часови по додатна настава по сите предмети. Голем дел од учениците кои следат додатна настава учествуваат на натпревари. На часовите по додатна настава се |

| | | |
|---|---|---|
| | | прошируваат зна Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците пројавуваат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области. Дополнителна настава се организира за ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети за да ги постигнат очекуваните резултати, односно на барање на ученик, негов родител/ старател или по проценка на наставникот. Наставникот ја планира дополнителната настава согласно со потребите на учениците. Образовните групи за дополнителна настава се формираат во различни периоди во зависност од времето кога ќе се појават одредени слабости кај поедини ученици. Оваа настава се организира во текот на целата наставна година. За потребата од посета на ученикот на дополнителна настава одделенскиот, односно предметниот наставник води евиденција и го известува родителот / старателот на детето. Дополнителната настава се реализира преку наставни часови што се утврдени со распоред на часови. Распоредот на часови се истакнува на огласните табли во училиштето и се доставува до Државниот просветен инспекторат. Најголемиот број наставници им обезбедуваат поддршка во редовната настава на учениците кои имаат тешкотии во учењето, на учениците со посебни образовни потреби, како и на надарените ученици, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби се прават подготовки за учество на натпревари. |

**Резиме**

Училиштето во континуитет ги следи постигањата на учениците, по сите наставни предмети во текот на целата учебна година. Постигањата на учениците во училиштето се следи преку проверка по пат на усно и писмено проверување. Учениците кои покажуваат послаби резултати во учењето посетуваат дополнителна настава, а учениците кои покажуваат поголем интерес за зголемување на своите знаења посетуваат додатна настава.

За постигањата на учениците редовно се известуваат родителите преку родителски средби и давање на евидентни листови за успех и поведение, а родителите имаат можност тоа да го прават и преку електронскиот дневник. Постигањата се следат и при премин на учениците од одделенска во предметна настава за што педагошко психолошката служба има направено истражување.

Во однос на редовноста на учениците, училиштето континуирано ги следи изостаноците, ги анализира причините за отсуство од настава и навремено презема конкретни активности за подобрување на редовноста кај учениците.

| |
|---|
| Училиштето соработува со родителите и редовноста на учениците бележи тренд на подобрување. При преминување на учениците од едно во друго училиште се запазува постапката за уредно водење педагошка евиденција и документација и навремено доставување на информации за ученикот.<br>Податоците за постигањата на учениците континуирано се следат и анализираат. Од статистичката обработка на податоците се изготвуваат анализи и писмени извештаи со препораки за подобрување на постигањата на учениците. Успехот на ученикот по наставни предмети ги утврдува одделенски и наставнички совет, а родителот на ученикот се информира преку евидентен лист. Училиштето ги анализира постигањата на учениците кои се оценуваат описно и учениците кои се оценуваат нумерички (според пол и етничка припадност), а деталната анализа е дел од училишната документација. За учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на наставната содржина се реализираат часови за дополнителна настава. Учениците кои покажуваат поголеми способности и напредок во воспитно- образовниот процес се реализираат часови за додатна настава, според интересите и можностите. Напредокот во постигањата на учениците го следат одделенските раководители и педагогот и психологот, тие навремено ги известуваат родителите и ги повикуваат на консултации и советувања. Исто така со учениците со потешкотии во напредокот се реализираат советувања, консултации и се организира дополнителна настава.<br><br>Училишниот психолог континуирано реализира индивидуални и групни советувања на родители и ученици со несоодветно однесување, голем број изостаноци и намалување на училишниот успех. Стручната служба и наставниците, континуирано обезбедуваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот. |
| **Клучни јаки  страни на училиштето**<br><br>➢ Континуирано следење на постигањата на учениците од различна полова, етичка припадност според наставни предмети подобрувања на постигнување на учениците преку редовна, дополнителна и додатна настава, како и на учениците со посебни образовни потреби;<br>➢ Со кабинетска настава по природни науки, нагледни средства по биологија, хемија и физика во целост имаме подобрување на наставната програма, квалитетот и знаењето на учениците кои преку експериментите кои ги надгледуваат можат да го осетат ефектот на наставната програма;<br>➢ Континуирано осовременување на условите за работа во училиштето (просторни и технолошки);<br>➢ Уредна документација за показателите на постигањата на учениците, нивна анализа и споредбени резултати за Успехот на крајот на секоја учебна година;<br>➢ Постигањата на учениците јавно се промовираат и истакнуваат;<br>➢ Училиштето има своја веб страна на која се промовираат постигањата и активностите во училиштето;<br>➢ Постојана опсервација на часови (инструмент за опсервација, за тоа како се распределени активностите, дали се |

планира за секој ученик, дневни цели и активности, како и времето кое е соодветно планирано за активностите);
- Современа кабинетска настава и современи нагледни средства (смарт табли) во повеќе училници.

**Слаби страни на училиштето**

- Слаба соработка со родители на ученици со слаб успех;
- Немање работна просторија за дефектологот;
- Недоволно наградување и потикнување на учениците и наставниците за постигнување на повисоки резултати;
- За реализација на додатна и дополнителна настава постојат неколку потешкотии. Најчесто тоа е големиот број на часови во текот на седмицата. Ова посебно се однесува за предметна настава;
- Родителите не го отвораат редовно е-дневникот за да го следат напредокот на нивните деца;
- Родителите не го следат редовно неделното планирање однапред дадено од одделенските раководители (законска регулатива) и согласно тоа не се во тек со планираните стандарди во текот на седмицата.

**Приоритети**

- Подобрување на соработката со родителите на учениците со слаб успех;
- Обезбедување на работна просторија за дефектологот;
- Поттикнување на родителите за редовно и навремено да го отвораат е-дневникот за следење на напредокот на нивните деца и интерес за следење на неделно планирање.

**3 Подрачје: Училишна клима**

| **Индикатори** | **Теми** |
|---|---|
| **Училишна клима и односи во училиштето** | ➢ **Углед/имиџ на училиштето**<br>➢ **Кодекс на однесување**<br>➢ **Училишна клима**<br>➢ **Поведение и дисциплина во училиштето**<br>➢ **Учество на учениците во донесување на одлуки и решавањето проблеми** |
| **Еднаквост и правичност** | ➢ **Познавање и почитувања на правата на децата**<br>➢ **Еднаков и правичен третман на сите ученици** |
| **Партнерски однос со заедницата** | ➢ **Соработка на училиштето со родителите/ старателите**<br>➢ **Соработка со општината и урбаната заедница** |

| | |
|---|---|
| **Севкупна грижа за учениците** | ➢ **Превенција и заштита од насилство**<br>➢ **Заштита од пушење, алкохол и дрога**<br>➢ **Квалитет на достапна храна**<br>➢ **Хигиена и заштита од болести**<br>➢ **Грижа за безбедноста на учениците и вработените**<br>➢ **Грижа за учениците од социјално загрозени семејства**<br>➢ **Грижа за учениците со здравствени проблеми**<br>➢ **Грижа за учениците со емоционални тешкотии**<br>➢ **Давање помош при изборот за продолжување на образованието** |

| **Индикатори** | **Теми** | Добиени податоци |
|---|---|---|
| **Училишна клима и односи во училиштето** | **Углед/имиџ на училиштето** | Со цел прибирање податоци за анализа на темата, разгледувани беа соодветните документи во поглед на темата, имено, интервју со директорот и стручната служба на училиштето, полугодишниот и годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2022/2023 и 2023/2024 година, како и начините на пофалување и охрабрување на учениците со особени постигања, како во училиштето, така и во општинските, регионалните и државните натпревари.<br><br>Училиштето „Никола Карев“ Радовиш, е препознатливо во локалната средина како училиште кое промовира дисциплина на учениците и соработка со локалната заедница. Училиштето, за афирмирање на наставните и на воннаставните активности, како и за промовирање на меѓуетничката интеграција, соодветно ги користи различните медиуми (интернет-страница, социјални мрежи, локални медиуми, ученичко катче и сл.).<br><br>Училиштето е работна организација која води грижа за успешноста на своите ученици и наставен кадар за постигнување на врвни резултати во сите натпреварувања кои се одржуваат, како во наставни и воннаставни активности за поголеми достигнувања на нашите ученици во сите видови натпреварувања.<br><br>Учениците учествуваат, се истакнуваат и постигнуваат резултати на натпревари и конкурси од сите области и предмети на општинско, меѓуопштинско, регионално, зонско, државно и меѓународно ниво. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Натпревари и конкурси од литературна („Карамановi средби, „Ракатки“ и др.) и ликовна уметност, натпревари од природните науки (математика – „Кенгур“, Математика без граници, Електронски државен натпревар по математика по повод денот на математиката Пи-ден, Физика и Природни науки) Техничко образование, Информатика („Дабар“, Информатичко размислување) странски јазици (англиски јазик- ЕЛТАМ, германски јазик - Олимпијада) и секако од спортските натпревари со освојување на многу први места во најразлични спортови и спортски дисциплини, со што се вбројуваме меѓу најуспешните училишта во нашата држава. Сите постигања во нашето училиште јавно се истакнуваат, на состаноци, одделенски совет, наставнички совет, на Патронатот на училиштето како и на локалната телевизија. Учениците јавно настапуваат пред граѓаните во Домот на културата, во холот на нашето училиште, во центарот на градот, во други градови и надвор од нашата татковина. За успешните ученици и наставници во нашето училиште постои посебен ден на крајот од наставната година каде се наградуваат истакнатите ученици и наставници, што претставува голема мотивација за успешноста во работата на нашето училиште.<br><br>Формирана е училишна комисија за пофалби и награди од редот на наставниците, член од совет на родители и член од Општината. Училиштето избира првенец на генерацијата според однапред утврдени правила на бодување, каде се вреднуваат континуираниот одличен успех, учествата и наградите на сите видови натпреварувања. Се наградуваат ученици со континуирано одличен успех. |

| | | |
|---|---|---|
| | **Кодекс на однесување** | Анализирани беа повеќе извори на податоци, т.е. прашалници за наставниците, родителите и за учениците. Исто така се разгледаа кодексот на однесување на сите структури, куќниот ред на училиштето, интерните процедури за постапување, како и спроведеното интервју со директорот и стручната служба.<br><br>Во почетокот на секоја учебна година од страна на училишниот психолог е изработен и има во брошурата за родители етички кодекс за оценувањето на постигањата на учениците како и „Кодекс на однесување“ на сите структури кои се вклучени во наставниот процес. Вака изработениот кодекс на однесување помага да се рефлектираат вистинските мотивации на сите инволвирани членови и да ја зацврстат својата работа обезбедувајќи обврски за сите членови. Во неговата изработка учествуваат претставници од сите структури, етнички заедници а неговото усвојување минува низ демократска структура.<br><br>Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Праведноста се создава и со објективно и транспарентно оценување.<br><br>Нашето училиште е место каде што децата учат за своите права, кадешто ги практикуваат овие права и каде се очекува нивните права да бидат почитувани и заштитени. Правилата на однесување во училиштето се изградени врз базичните начела дадени од Конвенцијата за правата на децата.<br><br>Базичните човекови права и слободи во нашето училиште се учат од најмала возраст, односно од прво па сè до деветто одделение а најмногу по предметите: Образование за животни вештини, Општество, Историја, Македонски јазик, Граѓанско образование, Етика и др. бидејќи тоа се оние права и слободи за кои луѓето на меѓународно ниво успеале да се согласат дека им припаѓаат на сите, доколку сакаме една заедница да ја наречеме современа, цивилизирана и демократска. Нивното почитување им овозможува на индивидуата и на заедницата потполно да се развиваат.<br><br>Правата подразбираат наша сопствена одговорност за нивното |

| | | |
|---|---|---|
| | | практикување. Тоа значи дека сите вработени во училиштето ги знаат, ги практикуваат и активно се вклучуваат во заштитата на правата и слободи во моментот кога се загрозени или повредени, како и во одбраната на правата и слободите на другите. Одговорноста на вработените значи и поставување на граница на правата и слободите која се движи по линијата на остварување на правата и слободите на учениците. Правата се однесуваат на секого независно од неговата раса, боја, религија, пол, способности, размислувања, искажувања, јазикот што го зборува и др., а институцијата мора да го заштити детето од каква било дискриминација.<br><br>Образованието треба да ја развие личноста на детето, како и неговите вештини и таленти до максимум. Образованието ги подготвува децата за живот. Тоа треба да ги охрабри децата да ги почитуваат своите родители, својата култура и нација, како и другите култури и нации.<br><br>Со сите ученици без оглед на нивните особини и карактеристики се постапува подеднакво во исти услови. Кога секогаш на едни им се дозволува нешто што на други им се забранува, без да има вистинска причина за тоа, зборуваме за прекршување на принципот за еднаквост, односно за дискриминација. Кон учениците во ниту еден момент не се постапува на начин кој го нарушува нивното достоинство или го загрозува неговиот живот или здравје во училиштето, затоа што мора да се има в предвид дека учениците се личности во развој кај кои често се случува да згрешат и дека треба да се има позитивен приод кон можноста да се поправат и да се изградат во личности кои ќе ги почитуваат законите. |
| | **Училишна клима** | Училиштето е мултинационално и води политика за заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Постои заемна соработка меѓу вработените. Раководниот, односно менаџерскиот тим игра клучна улога во одржувањето на поттикнувачка атмосфера во работата, што се гледа во постојаното учество на вработените во проекти, семинари, како и постигнатите резултати. Часовите се одржуваат под менторство на стручни кадри, а учениците се тие кои активно полемизираат и се |

| | | |
|---|---|---|
| | | грижат за училиштето, се грижат едни за други и се чувствуваат безбедно прифатени од околината и другите ученици без оглед на полот, возраста и способноста. Во училиштето се почитуваат одредени принципи или стандарди за однесување на сите структури што се вклучени во процесот на образование и воспитание, преку процесот на соработка на раководниот кадар, наставниците, стручните служби, техничкиот персонал, учениците и родителите, односно сите кои работат за заеднички интерес.<br><br>Училиштето работи квалитетно, учениците постигнуваат успех во различни области. Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на сите ученици, ја негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување на педагошки мерки и води политика на навремено справување со евентуално несоодветно однесување на учениците. Врз основа на групните советувања, работилниците коишто се одржуваат со сите претседатели на училишните заедници од трето до деветто одделение учениците се научија на тимска работа, меѓусебно почитување и слободно мислење без оглед на пол и етничка припадност. Во училиштето се одржуваше Отворен ден за родителите, до пред почетокот на пандемијата кој се реализираше после завршувањето на редовната родителска средба каде што разговараат наставник-родител, каде родителот ја согледува вистинската слика за успехот на ученикот и неговото однесување во училиштето. Секој одделенски раководител врши евиденција на присутни родители за секоја родителска средба на список, заради увид во редовноста на присуството на родители на родителската средба.<br><br>Во училиштето постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности, а сите инволвирани во воспитно-образовниот процес се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморот како и за приемот на учениците и нивното заминување од училиште. Учениците се совесни, запознаени со нивните права и обврски и соработуваат со кадарот и меѓусебно и учтиво се однесуваат. Вработените внимателно, но авторитетно се справуваат со проблемите што се однесуваат на дисциплината и |

| | | |
|---|---|---|
| | | редовноста поради што нема прекини во учењето и наставата. Сите ученици без оглед на способностите, родот, етничката припадност, верата и потеклото се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. |
| | **Поведение и дисциплина во училиштето** | Од интервјуто со директорот и стручната служба, работната дисциплина за време на часовите и надвор од часовите задоволува и постои работна атмосфера во училиштето. Во текот на цела учебна година се реализираат содржини од Програмата за дисциплинирано однесување во училиштето.<br><br>Распоредот на дежурства се следи според однапред поставените правила, дежурните наставници внимаваат на дисциплината како за време на одморите помеѓу часовите, така и за време на големиот одмор.<br><br>Училиштето има куќен ред, кој го почитуваат учениците и вработените. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности. Вработените постојано се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето. Учениците се совесни, запознаени со нивните права и обврски и соработуваат со кадарот и меѓусебно и учтиво се однесуваат. Вработените внимателно, но авторитетно се справуваат со проблемите што се однесуваат на дисциплината и редовноста поради што нема прекини во учењето и наставата. Сите ученици без оглед на способностите, родот, етничката припадност, верата и потеклото се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето.<br><br>Во учебната 2022/2023 г. во училиштето ООУ „Никола Карев“ - Радовиш вкупно биле запишани 650 ученици, и во текот на наставната година биле изречени следниве педагошки мерки:<br>- 48 усни опомени од одд. раководител:<br>- 37 писмени опомени од одд. раководител;<br>- 24 укор од одд. раководител;<br>- 6 укори од одделенски совет;<br>- намалено поведение на „добро“ – 4 ученика;<br>- намалено поведение „незадоволително“ – 5 ученика; |

| | | |
|---|---|---|
| | | - 2 перфрлувања во друго училиште<br>- 4 ученика го повторувале одделението<br>Во учебната 2023/2024 г. во училиштето ООУ „Никола Карев“ Радовиш вкупно биле запишани 621 ученик и во текот на наставната година биле изречени следниве педагошки мерки:<br>- 42 усни опомени  од одд. раководител:<br>- 26 писмени опомени од одд. раководител;<br>- 20 укори од одд. раководител;<br>- 2 укори од одделенски совет<br>- 1 укор од наставнички совет<br>- 3 укори од директор<br>- намалено поведение „добро“ – 10 ученика;<br>- намалено поведение „незадовилително„ – 5 ученика;<br>- 3 ученика го повторувале одделението<br>Изрекувањето на педагошките мерки се изречени и применети во целосна согласност со правилникот за изречување педагошки мерки (детално наведен во брошурата за родители). Во училиштето нема закани, провокации, навреди и пишани графити со негативна содржина упатени кон припадниците на различните етнички заедници. Во случај на проблем претседателот или заменик претседателот треба прво да го известат одделенскиот раководител, одделенскиот наставник, предметен наставник, стручна служба потоа директорот на училиштето и родителите. |
| | **Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми** | Ученичкиот парламент (кој го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките и нивните заменици) и Ученичкиот правобранител имаат значајна улога во застапувањето и унапредувањето на правата и интересите на учениците. Тие активно се вклучуваат во организирање и спроведување на хуманитарни и еколошки активности, како и во активности за врсничка поддршка. Преку предлагање вонннаставни активности и учество со свои претставници во тимови за поддршка на работата во училиштето, учениците добиваат можност да бидат вклучени во процесот на донесување одлуки во училиштето. Ученичкиот правобранител се грижи за заштита и почитување на правата на учениците, но при појава на конфликти меѓу учениците, најчесто тие се обраќаат до |

| | | |
|---|---|---|
| | | одделенските раководители, стручната служба или директорот. Ученичкиот парламент спроведува повеќе активности во училиштето: учество во хуманитарни акции, еколошки акции и сл. Секогаш кога имаат потреба за нешто, или предлог – идеја за некои активности, ги пренесуваат на претседателите на паралелкатаи тој ги пренесува понатаму на состаноците на ученичкиот параламент. Преку ученичкото организирање, учениците имаат можност активно да учествуваат во креирањето и унапредувањето на позитивна клима за работа и учење, во градењето и негувањето на соработнички и другарски односи, како и во поддршката на нивниот личен и социјален развој. Вклученоста на учениците придонесува кон унапредување на воспитно-образовниот процес, ефикасноста на работењето на училиштето и поврзаноста со пошироката заедница. Ученичкото организирање е структурирано од ниво на паралелка до ниво на Ученички парламент, со јасно дефинирани улоги и одговорности. Членовите на Ученичкиот парламент активно учествуваат во разгледување, предлагање и донесување одлуки поврзани со процесот на учење, условите за престој во училиштето, меѓусебните односи меѓу учениците, како и во унапредување на демократската клима во училиштето. Секоја учебна година се изработува Предлог-програма за работа на Ученичкиот парламент од страна на координаторот. Програмата може да се дополнува или изменува од претседателот на Ученичкиот парламент, во согласност со членовите и согласно интересите и потребите на учениците. Координаторот е повикуван на состаноците на Ученичкиот парламент тогаш кога ќе има потреба од негова дополнителна советодавна помош. На прашањето: Дали стекнатите знаења од воннаставните активности (слободните ученички активности, активности на училишната заедница; предавања од страна на стручните соработници или лекари, ученички екскурзии, натпревари, работа на проекти) се корисни за учениците? Со ДА одговориле 25 машки и 32 женски, вкупно 57, во просек 63,3% од вк. бр. на испитаници. Со МНОГУ одговориле 7 машки и 10 женски, вкупно 17, или во просек 15,5% од вк. бр. на испитаници. Со ПОНЕКОГАШ одговориле 7 машки и 7 женски, вкупно 14, во просек 18,8% од вк. бр. на испитаници. Со НЕ одговориле 1 машки и 1 женско, вкупно 2, во просек 2,2% од вк. бр. на испитаници. На прашањето: Дали |

<table>
<tr><td></td><td></td><td>во училиштето си присуствувал во некакви предавања? Доколку си присуствувал наведи ги? Со ДА одговориле 21 машко, 38 женски, вкупно 59 или 65,5 % од вк. бр.на испитаници. Со НЕ одговориле 7 машки, 6 женски, вкупно 13 или 14,4% од вк. бр. на испитаници. Ништо не одговориле 12 машки, 6 женски, вк. 18 или 20% од вк. број. Во прилог ги навеле следниве предавања: булинг, сајбер насилство, алкохол, пушење, петарди, сексуално преносливи болести техничко, рециклирање, заштита на учениците, прва помош, компјутери, сексуално вознемирување, со заболекар и др. работилници. Анализирани беа повеќе извори на податоци: прашалници за наставниците и за учениците, како и документациите од телата на учениците (Ученички парламент, записници од состаноци и сл.), Годишна програма на училиштето и годишен извештај.</td></tr>
<tr><td colspan="3">Извори на податоци<br><br>Кодекс на однесување; анкети, интервјуа и прашалници за наставниците, родителите и за учениците; одговори од интервјуто со стручните соработници и директорот на училиштето, статут на училиштето; куќен ред на училиштето; пофалби, награди, признанија и др.; написи за училиштето во национални и локални медиуми и на социјалните мрежи; решение за формирање на ученички парламент и избор на ученик правобранител; програма и правилник за работа на ученичкиот парламент и ученикот правобранител; досие на ученички парламент (програма за работа, записници, одлуки, извештаи од реализирани ученички иницијативи).</td></tr>
<tr><td>Еднаквост и правичност</td><td>Познавање и почитување на правата на децата</td><td>Со сите ученици без оглед на нивните особини и карактеристики се постапува подеднакво во исти услови. Кога секогаш на едни им се дозволува нешто што на други им се забранува, без да има вистинска причина за тоа, зборуваме за прекршување на принципот за еднаквост, односно за дискриминација. Кон учениците во ниту еден момент не се постапува на начин кој го нарушува нивното достоинство или го загрозува неговиот живот или здравје во училиштето, затоа што мора да се има в предвид дека учениците се личности во развој кај кои често се случува да згрешат и дека треба да се има позитивен приод кон можноста да се поправат и да се изградат во личности кои ќе ги почитуваат законите.</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | **Еднаков и правичен третман на сите ученици** | Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Праведноста се создава и со објективно и транспарентно оценување. Нашето училиште е место каде што децата учат за своите права, кадешто ги практикуваат овие права и каде се очекува нивните права да бидат почитувани и заштитени. Правилата на однесување во училиштето се изградени врз базичните начела дадени од Конвенцијата за правата на децата. Базичните човекови права и слободи во нашето училиште се учат од најмала возраст, односно од прво па сѐ до деветто одделение а најмногу по предметите: Образование за животни вештини, Општество, Историја, Македонски јазик, Граѓанско образование, Етика и др. бидејќи тоа се оние права и слободи за кои луѓето на меѓународно ниво успеале да се согласат дека им припаѓаат на сите, доколку сакаме една заедница да ја наречеме современа, цивилизирана и демократска. Нивното почитување им овозможува на индивидуата и на заедницата потполно да се развиваат. Се анализираа повеќе извори на податоци: прашалници за наставниците, родителите и за учениците, интервју со директорот и стручната служба, фокус групи со наставниците и учениците, како и документации од работилници. |
| **Извори на податоци**<br><br>Анкета и разговори со ученици, родителите, наставници, стручна служба; извештаи од спроведени активности (работилници, кампањи и сл.), за запознавање со детските права; записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител; структура на паралелките; записници од работата на Тимот за училишна интеграција; дневник за работа на стручните соработници; записници од наставнички совет; критериуми и процедури за избор на ученик на генерација. | | |
| **Партнерски однос со заедницата** | **Соработка на училиштето со родителите/старателите** | Анализирани беа повеќе извори на податоци: прашалници за наставниците и за родителите, интервју со директорот и стручната служба, фокус групи со наставниците и со родителите, како и записниците од советот на родители.<br><br>Прашалникот за родители е изготвен и спроведен со цел добивање дополнителни податоци и информации од родителите за животот и работата на училиштето, како и добивање сознание за тоа колку тие се |

| | | |
|---|---|---|
| | | информирани и запознаени со наставната програма, условите за работа, хигиената и со работата на училиштето воопшто.<br>На барање од Директорот, Прашалникот за родители изготвен од училишниот психолог го спроведоа одделенските раководители од I – IX одделение. Анкетирањето беше анонимно, и беа опфатени родителите на учениците од I – IX одд. по случаен избор, под реден број 1, 3, 5, 7, 9, 11... , односно непарните броеви од е-дневникот на паралелката. На наставниците односно родителите однапред им беше соопштена целта на анкетирањето, неограниченото време за работа како и објаснување дека во Прашалникот нема точни и неточни одговори и затоа е пожелно родителите да одговараат искрено.<br>Наставниците и родителите беа расположени за соработка, родителите навреме ги пополнија и предадоа пополнетите Прашалници. Анализата на Прашалникот за родители ја изврши училишниот психолог со помош на училишниот дефектолог. Вкупно беа анкетирани 90 родители на возраст од 28 до 52 години. Од анкетираните родители 96% се со место на живеење во град, кај 86% мајчин јазик во семејството е македонскиот јазик а 68% од анкетираните се од женски пол.<br>Од извршената анализа на Прашалникот за родители се утврди дека:<br>– 91% од родителите се запознаени со наставната програма по која учи нивното дете;<br>– 46% сметаат дека наставната програма е обемна но исто така и 46% од испитаниците сметаат дека наставната програма не е обемна;<br>– 90% се задоволни од успехот на нивното дете;<br>– 71% сметаат дека нивното дете, нема потешкотии во совладувањето на училишната програма;<br>– 51% истакнуваат дека училишната средина доволно ги поттикнува и мотивира учениците за учење;<br>– 74% од родителите се запознаени со работните задачи на педагошко-психолошката служба;<br>– 97% сметаат дека е големо влијанието на семејството врз редовноста, поведението и успехот на учениците; |

| | | |
|---|---|---|
| | | – 98% од анкетираните родители сметаат дека децата од различна етничка припадност се подеднакво опфатени во образованието;<br>– 98% од родителите истакнуваат дека училиштето дава доволно информации на родителите за напредокот на нивните деца;<br>– 79% од родителите се изјасниле дека во училиштето се изведува квалитетна настава со примена на наставни средства, ИКТ и други технички помагала;<br>– 78% сметаат дека состаноците и разговорите на родителите со наставниците се корисни и информативни;<br>– 56% истакнуваат дека наставниците ги почитуваат и правилно вреднуваат знаењата на учениците;<br>– 64% сметаат дека во училиштето треба да се подобрат условите за работа;<br>– 86% од родителите се изјасниле дека треба да се осовременува воспитно-образовниот процес;<br>– 57% од анкетираните истакнуваат дека хигиената во училиштето е добра.<br>Анализата на Прашалникот ни помогна да го анализираме нашето училиште од аспект на родителите, да дојдеме до дополнителни податоци и информации кои на друг начин не можевме да ги добиеме, и заеднички во иднина да се обидеме да работиме на елиминирање и подобрување на слабостите но и на подобрување како и унапредување на позитивните страни. Доколку сите заеднички се залагаме, соработуваме и се ангажираме, напредокот и успехот нема да изостанат. |
| | **Соработка со општината и урбаната заедница** | Врз основа на добиените информации од стручната служба, може да се заклучи дека училиштето остварува континуирана и активна соработка со локалната заедница преку низа општествени, културни и образовни активности. Училиштето е вклучено во манифестации организирани по различни поводи, како што се приемот на првачињата во Детската организација, посети на локалитети од локалната средина и други јавни настани. Покрај тоа, училиштето активно учествува во животот на општината и урбаната заедница преку реализација на заеднички проекти, како што се јакнење на меѓуетничката соработка со општината. Секоја година традиционално се организираат и ликовни и литературни |

| | | |
|---|---|---|
| | | конкурси, спортски и други натпревари за училиштата во општината, со што се зајакнува меѓуучилишната соработка и се поттикнува позитивен натпреварувачки дух. Локалната заедница континуирано придонесува во подобрување на условите за работа, наставните и воннаставните активности и обезбедува поддршка при решавање на тековните предизвици. |
| | **Извори на податоци**<br><br>Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); записници од советот на родители и родителски средби; анкети и интервјуа со директорот, родителите, наставниците и со стручните соработници; анкета/интервју со претставник на локалната заедница; статут на училиштето; интернет- страница на училиштето; договори и меморандуми за соработка со општината и различни организации/институции; извештаи од организирани акции, трибини, дебати, предавања со родителите и со претставниците на локалната заедница; документација за добиени спонзорства и донации. | |
| | **Превенција и заштита од насилство** | Насилството меѓу учениците претставува сериозен проблем кој негативно влијае врз физичкото и психичкото здравје, како и врз успехот во училиштето. Затоа, важно е сите ученици, наставници и родители заеднички да придонесуваат кон создавање безбедна и пријатна училишна средина. Превенцијата започнува со меѓусебна почит, разбирање и толеранција. Учениците треба да ги прифаќаат разликите, да комуницираат мирно и да решаваат конфликти без насилство. Секој облик на насилство – физичко, вербално, психолошко или онлајн – е неприфатлив. Доколку ученик се соочи со насилство или е сведок на такво однесување, важно е веднаш да се обрати кај наставник, педагог, психолог или родител. Пријавувањето не е „доушничење“, туку чекор кон заштита и помош. Училиштето има обврска да обезбеди безбедна средина, да реагира навремено и да ги едуцира учениците за последиците од насилството. Само со заедничка одговорност можеме да изградиме училиште без страв, каде секој ученик се чувствува прифатен и сигурен. |
| | **Заштита од пушење, алкохол и од дрога** | За учениците кои манифестираат неприлагодено однесување (пушење, консумирање алкохол сл.), се реализираат индивидуални разговори со ученици, наставници и родители; предавања и советувања со ученици и родители за одржување едукативни работилници, презентации и |

| | | |
|---|---|---|
| | | предавања со учениците и наставниците за: болестите на зависност (пушење и алкохолизам) и нивното штетно влијание врз психофизичкото здравје на луѓето. Стручни медицински лица одржуваат предавања на кои ги запознаваат учениците со болестите на зависност, како да се препознаат и избегнат. |
| | **Квалитет на достапна храна** | Учениците имаат постојано предавања за здравата храна и практични наставни и воннаставни активности за начинот на исхрана. Училиштето не располага со училишна менза и не обезбедува организирана исхрана за учениците. Учениците најчесто носат храна од дома или купуваат храна од околните продавници. Бидејќи храната не се обезбедува од страна на училиштето, училиштето нема можност да врши контрола врз квалитетот и безбедноста на храната, ниту да располага со сертификати за здравствена исправност на храната што ја консумираат учениците. ХЕС службата при здравствениот дом Радовиш врши проверка на квалитетот на храната што се дистрибуира во околните продавници. |
| | **Хигиена и заштита од болести** | Училиштето обезбедува соодветни хигиенско-здравствени услови за работа и престој на учениците и вработените. Тоалетите се редовно чистени и дезинфицирани во текот на целиот ден и се во согласност со важечките законски прописи. Отпадоците се фрлаат во канти за отпадоци, а во секоја училница како и во училишниот хол има посебно означени канти/кутии за хартија и пластика чија содржина се рециклира. Во рамките на редовните наставни програми се застапени еколошки содржини преку кои се подига еколошката свест кај учениците. Редовно се одржуваат акции за чистење на училишната зграда и училишниот двор. Се спроведуваат мерки за дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Преку воспитно-образовниот процес, училиштето континуирано работи на развивање и унапредување на хигиенските навики кај учениците, почнувајќи од најрана возраст, со посебен акцент на личната хигиена и здравите животни навики. Постои континуирана лекарска превентива - соработка со „Здравствен дом“ - Радовиш преку стоматолошки и систематски прегледи на учениците, извршени во просториите на „Здравствениот дом“ – Радовиш и соработка со „Црвен крст“ – Радовиш и ПС - Радовиш, преку низа работилници и предавања. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Дворот на училиштето е редовно одржуван, чист и хортикултурно уреден. Учениците, заедно со наставниот кадар, активно учествуваат во еколошки и хортикултурни активности, со што се поттикнува нивната еколошка свест и одговорност кон животната средина. Во училишниот двор, училниците и ходниците се поставени корпи за отпадоци. Сите ученици и вработени редовно се опфатени со систематски здравствени прегледи. Училиштето располага со вработени кои имаат сертификат за укажување прва помош, а на видно и достапно место е поставена и кутија со неопходни средства за прва помош. Во рамките на унапредување на еколошката свест, учениците активно учествуваат во акции од поширок општествен интерес, како што е „Генералка викенд“. Преку овие активности се поттикнува тимската работа, одговорното однесување и правилното управување со отпадот, вклучително и негово сортирање и рециклирање. Активностите придонесуваат за подигнување на свеста кај учениците дека и малите индивидуални придонеси имаат значајно влијание врз заштитата на животната средина. Врз основа на собраните податоци и спроведените активности, може да се заклучи дека училиштето обезбедува високо ниво на хигиенско-здравствени услови и безбедна средина за учениците и вработените. Хигиената во училиштето е на задоволително ниво и е во согласност со законските прописи. Континуирано се спроведуваат активности за развивање хигиенски навики и здрави животни стилови кај учениците. Училишниот двор и внатрешните простории се уредени и одржувани, а учениците се активно вклучени во еколошки и хортикултурни активности. Од анкетираните 90 родители 57% од анкетираните истакнуваат дека хигиената во училиштето е добра. Од 12 вработени во локалната самоуправа 100% сметаат дека локалната самоуправа има податоци и увид за условите во кои се одвива воспитно – образовниот процес во училиштето.<br>Во однос на прашањето: Дали постои „нешто“ од што си незадоволен во училиштето? Учениците се изјасниле слободно без поставените алтернативни одговори и сме добиле различен вид на незадоволства од самите ученици: Не одговориле ништо 21 машко и 16 женски, вкупно 41,1 од вк. бр. на испитаници; -Незадоволство изразиле 6 машки,11 женски, вкупно 17 или 21,1 од вк. бр. на ученици. Незадоволствата ги навеле со свои зборови и тоа: Од хигиената во ВЦ, затоа што нема |

| | | |
|---|---|---|
| | | една ролетна во вецињата.<br>Во однос на прашањето: Дали наставниците имаат разбирање за твоите здравствени и лични проблеми?<br>Позитивно со да и секогаш, понекогаш одговориле 89 или 98,8 % од вк. бр. на испитаници. Негативно со не одговорил 1 испитаник или 1,1 од вк. број што значи дека наставниците имаат целосно разбирање за здравствени и лични проблеми на учениците.<br><br>Анализирани беа повеќе извори на податоци: прашалници за родителите, за учениците и вработените во локалната самоуправа, разгледување на реализирани работилници и предавања, како и увид во училишните простории и извештаи/анализи од санитарни и здравствени инспектори. |
| | **Грижа за безбедноста на учениците и вработените** | Грижата за безбедноста на учениците и вработените е една од најважните обврски во нашата образовна институција. Таа опфаќа збир на мерки, правила и постапки со кои се обезбедува сигурна, здрава и поддржувачка средина за учење и работа. Клучни аспекти на безбедноста се: физичка безбедност, редовно одржување на училишните објекти и опрема, контролиран влез и излез во училиштето, планови за евакуација при пожар, земјотрес или други опасности, видео-надзор во централното училиште, дежурства од вработените наставници и помошно техничкиот персонал.<br><br>Редовно се организираат обуки за вработените за безбедносни протоколи, едукација на учениците за безбедно однесување, јасни правила и процедури за итни ситуации како и одговорност на раководниот кадар кој создава и спроведува безбедносни политики, а вработените ги почитуваат правилата и реагираат навреме. Учениците придонесуваат со одговорно однесување. Во училиштето има поставено ПП апарати кои редовно се сервисираат. Хидрантите се функционални и има документ за извршено мерење на громобранска инсталација. Во училишната зграда постои план за евакуација кој е поставен на видно место на секој кат од училишниот објект и во подрачните училишта и еднаш годишно се врши симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди и друга опасност. |

| | | |
|---|---|---|
| | **Грижа за учениците од социјално загрозени семејства** | Грижа за учениците од социјално загрозени семејства Учениците кои растат во социјално загрозени семејства се соочуваат со бројни предизвици – недоволна материјална сигурност, ограничен пристап до образовни ресурси, емоционален стрес и ризик од социјална исклученост. Овие фактори често влијаат врз нивниот успех, мотивација и самодоверба, па затоа грижата за нив претставува важна општествена и образовна обврска. Клучна улога има училиштето како безбедна и поддржувачка средина. Потребно е да се обезбедат: бесплатни учебни материјали и оброци, стипендии и донации за најранливите ученици, поддршка од педагог и психолог, дополнителна настава и менторство. Подеднакво значајна е и емотивната и социјалната поддршка. Наставниците треба да поттикнуваат атмосфера на разбирање, толеранција и вклученост, без стигматизација и дискриминација. Со вклучување на семејствата и локалната заедница се создава мрежа на поддршка која му помага на ученикот да се развива и напредува. Соработката меѓу училиштата, социјалните служби, општините и невладините организации овозможува развивање програми за: материјална помош, психосоцијална поддршка, културни и спортски активности, развој на животни и образовни вештини. Грижата за овие ученици не е само хуман гест, туку инвестиција во нивната иднина и иднината на општеството. Создавањето еднакви можности за сите деца придонесува кон пофер, поинклузивна и солидарна заедница.<br><br>Училиштето ги идентификува и обезбедува материјални средства за учениците од социјално загрозени семејства. Училиштето континуирано соработува со родителите/старателите, локалната заедница и со други релевантни институции (центарот за социјална работа, хуманитарни и невладини организации и деловната заедница) за помош и поддршка на учениците од социјално загрозени семејства.<br><br>За да им се помогне на учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства училиштето организира хуманитарни акции за стара облека, храна, наставни помагала, а во соработка со општината преку проекти се добива и друга материјална помош (обувки, зимски палта, ученички прибор, таблети и сл.). Веќе неколку години наназад, општината обезбедува работна облека за учениците од прво и второ одделение. Исто така, за семејствата на учениците од социјално |

| | | |
|---|---|---|
| | | загрозени семејства општината дава еднократна финансиска помош. Согласно новиот закон за основно образование е предвидено учениците кои се со надмината возраст, кои не биле опфатени со наставниот процес, или го прекинале школувањето, да имаат можност за продолжување на своето образование. Најчесто таквите ученици потекнуваат од социјално загрозени семејства. Училиштето во соработка на НВО им помага на ваквите ученици на најразличен начин (обезбедување храна, облека и училишен прибор). Учениците од социјално загрозени семејства често се соочуваат со: финансиски тешкотии, недостиг на учебни материјали, недоволна родителска поддршка, ризик од напуштање на училиштето, емоционален и психолошки стрес. Образованието за нив е не само учење, туку и клучна алатка за излез од сиромаштија и социјална исклученост. Форми на поддршка, материјална и финансиска помош бесплатни учебници и прибор оброк во училиште стипендии и ваучери покривање трошоци за екскурзии и настани. Образовна поддршка дополнителна настава и туторство менторски програми помош при учење дома поддршка во развој на вештини и самодоверба.<br>Психосоцијална поддршка работа со педагог и психолог групни работилници програми против дискриминација и стигматизација, вклучување на заедницата и институциите, соработка со центри за социјална работа, невладини организации, локална самоуправа, волонтерски и донаторски иницијативи. Училиштето треба да биде: безбедно и инклузивно опкружување, место каде детето не се чувствува обележано, партнер со семејството поддржувач, а не казнувач. Наставниците можат да помогнат преку: индивидуален пристап, препознавање на рани знаци на ризик, охрабрување а не споредување, развој на емпатија во одделението. Со системска грижа се постигнува: подобар успех и мотивација, помала стапка на откажување од школување, подобра социјална интеграција, развивање на одговорни и самостојни млади личности. |
| | **Грижа за учениците со** | Планираните програмски активности за грижа на училиштето за |

| | | |
|---|---|---|
| | **здравствени проблеми** | здравјето на учениците, се реализираат континуирано според возраста на учениците, времето на реализација и реализаторите, со цел да се постигнат очекуваните резултати. Реализирани се содржини низ редовната настава, часот на одделенска заедница, слободните ученички активности и други воннаставни активности. Се реализираат содржини од личната хигиена, здрава исхрана, и заштита од заболувања во текот на целата учебна година. Според планираната програмска активност за учениците во училиштето беше спроведено осигурување на учениците, како би се добило надомест при евентуални повреди. Систематски прегледи се реализираат според планот на „Здравен дом“ - Радовиш. Опфатени се сите ученици од прво, трето, петто и седмо одделение. Вакцинациите и ревакцинациите се одвиваат според претходно добиени покани за вакцинација од „Здравен дом„ - Радовиш. Поканите се изготвени според календарот за имунизација. Учениците во придружба со своите родители одат во „Здравниот дом“ - Радовиш. Училиштето нема обврски поврзани со имунизацијата на учениците. Во училиштето постои тим на обучени наставници за пружање на прва помош на учениците во случај на повреда. Потоа по потреба повредениот ученик со возило ќе се транспортира во Здравниот дом каде ќе добива соодветна лекарска помош. Во соработка со Министерството за здравство се следат појавите на епидемии и заразни болести и со помош на ХЕС службата се преземаат соодветни мерки за заштита на здравјето на учениците (засилена хигиена, обезбедени средства за дезинфекција, писмена евиденција за дневна динамика за чистење на санитарните јазли, средства за одржување на лична хигиена на учениците, поставување на табли со препорака за задолжително миење на рацете. Во текот на учебната година според планот на „Здравен дом“ - Радовиш се организира посета на стоматолог за учениците каде ќе се вршат прегледи и се евидентираат како пациенти преку отварање на стоматолошки картони со цел да се обезбеди заштита и следење на оралното здравје. |
| | **Грижа за учениците со емоционални тешкотии** | За учениците кои манифестираат неприлагодено однесување училишниот психолог реализираше: индивидуални разговори со ученици, наставници и родители; предавања и советувања со ученици и |

| | | |
|---|---|---|
| | | родители за заедничко развивање на училишната политика, процедури и протоколи за превенција и конструктивно справување со неприлагоденото однесување; одржување едукативни работилници, презентации и предавања со учениците и наставниците за подобрување на вербалната комуникација, социо – емоционалната состојба, меѓусебната доверба, меѓусебното почитување и толеранција во соработка со наставниците и одделенските раководители, следење на комуникацијата и соработката помеѓу сите ученици во паралелките и навремено реагирање кај одделенските раководители и индивидуална работа како училиштен психолог во случај на појава на насилство, врсничко насилство, нарушени односи помеѓу соучениците и/или социјална изолација. Планирање на активности во рамките на програмата на училишниот психолог за работа со ранливи групи ученици (ученици со емоционални проблеми и др.)<br>Постои консултативна и советодавна работа со наставниците при делување кај секоја категорија на ранливи групи ученици, а особено кај ученици кои насилно се однесуваат или се жртви на насилство, како и ученици со емоционални проблеми. |
| | **Давање помош при изборот за продолжување на образованието** | Организирање и имплементација на работилница на тема: „Професионална ориентација и селекција – Што сакам / Што треба да бидам“ со цел учениците да научат која посебна гранка од психологијата се занимава со професионалната ориентација и селекција и да умеат да прават разлика помеѓу професионална ориентација и селекција и да го сфатат нивното значење.<br>Професионална ориентација на учениците од IX одд. се врши преку советодавна работа и разговори со учениците од IX одд. за нивните професионални желби, интереси, способности и вештини кои ги поседуваат заради правилен избор на средно стручно училиште и преку соработка и разговор со наставниците и родителите за професионалните желби и интереси на учениците од IX одд. Работилници и предавања се реализираат во договор, согласност и/или барање на одделенските раководители, а истите се планираат во Годишната програма на психологот за тековната учебна година. Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието. За таа цел организира сопствени активности и користи промотивни материјали |

| | | |
|---|---|---|
| | | од образовните институции за професионална ориентација на учениците. Исто така, училиштето ги повикува средните училишта во градот да направат презентација на струките кои ги имаат во своето училиште и да им објаснат на учениците кои се условите за запишување во дадените струки. |

**Извори на податоци**

Кодекс на однесување; куќен ред на училиштето; набљудување на условите во училиштето; протокол за превенција и заштита од насилство; анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците; педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; записници од советувања; извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); записници од советот на родители и родителски средби; анкети и интервјуа со директорот, родителите, наставниците и со стручните соработници; педагошка евиденција и документацијата; организирани трибини, дебати, предавања со учениците, родителите и со претставниците на локалната заедница за теми поврзани со: ментално здравје, социо-емоционални вештини, здраво живеење и сл.; записници од спроведените активности за професионална ориентација.

**Резиме**

Училишната клима во ООУ „Никола Карев“– Радовиш се карактеризира со позитивна, безбедна и поттикнувачка средина за учење и развој на учениците. Училиштето ужива добар углед и препознатлив имиџ во локалната заедница, како институција која негува дисциплина, соработка, инклузивност и меѓуетничка интеграција. Наставните и воннаставните активности, како и постигнувањата на учениците и наставниците, редовно се промовираат преку различни медиуми и јавни настани.

Односите во училиштето се засновани на заемно почитување, еднаквост и правичност. Кодексот на однесување и куќниот ред се јасно дефинирани, демократски усвоени и доследно применувани. Сите вработени ги познаваат и ги почитуваат правата на децата, а учениците се поттикнати активно да ги практикуваат своите права и обврски. Во училиштето не се евидентирани појави на дискриминација, меѓуетнички тензии или говор на омраза.

Поведението и дисциплината се на задоволително ниво, а евентуалните прекршувања се решаваат навремено и во согласност со правилникот за педагошки мерки. Забележливо е намалување на бројот и тежината на изречените мерки во споредба по години, што укажува на ефективна превентивна и советодавна работа. Учениците се чувствуваат безбедно и прифатено, а наставниците авторитетно и со разбирање се справуваат со дисциплинските прашања.

Учениците се активно вклучени во донесувањето одлуки преку Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител. Тие учествуваат во хуманитарни, еколошки и образовни активности и придонесуваат кон градење позитивна училишна клима. Анкетните податоци покажуваат дека поголемиот дел од учениците ги сметаат воннаставните активности за корисни и значајни.

Соработката со родителите и локалната заедница е континуирана и продуктивна. Родителите во најголем процент изразуваат задоволство од работата на училиштето, информираноста за напредокот на учениците и квалитетот на наставата. Училиштето активно соработува со општината, здравствени институции, невладини организации и други релевантни чинители.

Се посветува големо внимание на севкупната грижа за учениците – превенција и заштита од насилство, грижа за здравјето, безбедноста, хигиената, како и поддршка на ученици од социјално загрозени семејства и ученици со емоционални или здравствени потешкотии. Преку системска, инклузивна и советодавна работа, училиштето обезбедува еднакви можности за сите ученици.

Врз основа на анализираните податоци, може да се заклучи дека училиштето обезбедува стабилна, позитивна и поддржувачка училишна клима која придонесува за успешен воспитно-образовен процес и целосен развој на учениците.

**Клучни јаки страни**

- Позитивна, безбедна и инклузивна училишна клима во која учениците се чувствуваат прифатени без оглед на пол, етничка припадност, способности или социјален статус;
- Добар углед и препознатлив имиџ на училиштето во локалната заедница, со активна соработка со општината и други институции;
- Високо ниво на учество и успеси на учениците на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари од различни области (наука, уметност, јазици, спорт);
- Развиен систем за пофалби, награди и јавно признавање на постигањата на учениците и наставниците, што придонесува за зголемена мотивација;
- Јасно дефиниран и доследно применуван Кодекс на однесување и куќен ред, изработени со учество на сите структури;
- Почитување и активно промовирање на правата на децата согласно Конвенцијата за правата на детето;
- Добра дисциплина и навремено справување со несоодветно однесување, со постапно намалување на изречените педагошки мерки во последната учебна година;
- Активно функционирање на Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител со реално вклучување на учениците во донесувањето одлуки;
- Континуирана и конструктивна соработка со родителите, со високо ниво на информираност и задоволство.
- Развиени превентивни активности за заштита од насилство, зависности и ризични однесувања;
- Високо ниво на грижа за здравјето, безбедноста и хигиената на учениците, со соработка со здравствени и безбедносни институции;
- Системска поддршка за учениците од социјално загрозени семејства преку материјална, образовна и психосоцијална помош;
- Професионална ориентација и поддршка при избор на понатамошно образование за учениците од IX одделение.

**Слаби страни**

- Ограничени можности за дополнителна контрола и унапредување на исхраната и одмор-просторот за учениците;
- Недоволно искористен потенцијал на ученичките иницијативи за предлагање и имплементација на нови активности;
- Недоволна партиципација на родителите во активности надвор од редовните родителски средби;
- Недоволно јасно дефинирани механизми за прибирање повратни информации од учениците за училишната клима;
- Недоволно структурирана промоција на успешните практики внатре во училиштето (меѓу наставниците);

- Недостаток на училишна менза и организирана исхрана, со што училиштето нема директна контрола врз квалитетот и безбедноста на храната што ја консумираат учениците;
- Дел од родителите сметаат дека условите за работа во училиштето треба да се подобрат;
- Забелешки од учениците поврзани со хигиената во санитарните јазли (ВЦ), конкретно недостиг на опрема и обновување на постоечките;
- Дел од родителите сметаат дека хигиената е добра, што укажува на простор за унапредување;

**Приоритети**

- Подобрување на хигиенските услови и обновување на санитарните јазли и редовно следење на нивната состојба;
- Унапредување на материјално-техничките услови за работа во училиштето во соработка со општината и локалната заедница;
- Разгледување можности за воведување организирана и контролирана училишна исхрана или зајакнување на едукативните активности за здрава исхрана;
- Зајакнување на соработката со родителите преку Советот на родители за поголема активност на родителите во воспитно-образовниот процес, воннаставните активности и сл.;
- Континуирана поддршка на учениците од ранливи категории со фокус на превенција од напуштање на училиштето;
- Понатамошно унапредување на ученичката партиципација во донесување одлуки и демократската култура во училиштето.

4 Подрачје: Управување, раководење и креирање политики

| Индикатори | Теми |
|---|---|
| **Управување и раководење со училиштето** | ➢ **Управување со училиштето**<br>➢ **Раководење со училиштето**<br>➢ **Управување и раководење со ресурсите**<br>➢ **Раководење со кадарот**<br>➢ **Следење и унапредување на наставниот процес** |
| **Цели и креирање на училишната политика** | ➢ **Процедури за креирање на училишната политика**<br>➢ **Резултати од развојно планирање**<br>➢ **Планирање и управување со училишниот буџет** |

| Индикатори | Теми | Добиени податоци |
|---|---|---|
| **Управување и раководење со училиштето** | **Управување со училиштето** | Со цел прибирање податоци за анализа на темата, разгледувани беа соодветните документи во поглед на темата, имено, интервју со директорот и стручната служба на училиштето, прашалник за наставници, прашалник за родители и документите со кои располага училиштето во доменот на своето управување и раководење – Документ од избирање на член на УО, решение за член во УО, деловник за работа на УО и записници од состаноци на УО.<br><br>Во училиштето анкетирани се 41 наставници. На: тврдењето: „**Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите при донесувањето одлуки,,** од кои 25 наставници или (60,69) се изјасниле дека целосно се согласуваат дека во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите при донесувањето на одлуки. Од нив 15 наставници или (36,6%) се согласуваат со ова тврдење, 1 наставник или (2,44%) не се согласуваат дека постои успешна соработка.<br><br>Во училиштето анкетирани се 90 родители, од кои на тврдењето: „**Колку** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **добивате информации за работата на училиштето од страна на Советот на родители и Училишниот одбор“** одговориле вака: 89 од родителите односно 98,9% се изјасниле дека целосно се согласуваат, 1 од родителите односно 1,1%се согласуваат со ова тврдење, родителите се информирани за работата на Советот на родители и секогаш ѕе транспарентни.<br><br>Во врска со интервју со директор и стручна служба, на прашањето**:** **,,Соработката помеѓу директорот на училиштето и Училишниот одбор“** се добија информации дека соработката е на највисоко ниво, секогаш навреме се известени за сите случувања и состаноци со целокупното работење на самото училиште. Дојдовме до сознание дека соработката помеѓу директорот на училиштето и Училишниот одбор е на највисоко ниво, секогаш навреме се известени за сите случувања и состаноци со целокупното работење на самото училиште. Состаноците се одржуваат редовно и истите се евидентирани според Законот за основно образование.<br><br>Од Статутот на училиштето произлегуваат надлежностите на органите за управување и раководење. Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор.<br>Училишниот одбор во нашето училиште го сочинуваат 7 члена и тоа:<br>-1 претставник од основачот,<br>-3 претставници од родителите и<br>- 3 претставника од наставниците.<br>Училишниот одбор редовно свикува состаноци предвидени со програмата, но понекогаш и дополнително по интерна потреба во училиштето. Членовите на училишниот одбор за состаноците се известуваат писмено со покани или по електронски пат најмалку два дена пред одржување на состаноците. На состаноците се води записник со однапред одреден записничар. Записниците во записничката книга се заверуваат. Одлуките што се донесуваат на состаноците се уредно доставени во регистарот и заверени.<br><br>Според програмата за работа на Училишниот одбор се разгледува:<br><br>Годишната програма за работа на училиштето, успехот и поведението на учениците, се состанува при разгледување на приговори и жалби од |

| | | |
|---|---|---|
| | | страна на вработените и учениците. УО информира за проекти кои се реализираат преку МОН,БРО и УСАИД и други институции и организации. Предлага финансиски план за користење средства во училиштето за тековната година. Се состанува и дава свое мислење по објавени огласи за прием на наставници, директор и друг кадар во училиштето. Донесува одлуки за годишен попис на постојните средства, побарувања, обврски и сл.<br><br>Врз основа на анкетните прашалници и дискусиите спроведени со наставниците, учениците, родители, стручни соработници и директорот заклучивме дека во училиштето постои добра соработка помеѓу управувањето, раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите при донесувањето на одлуки. Родителите добиваат навремени информации за работата на училиштето. За сите одлуки кои се носат на состаноците членовите на училишниот одбор одлучуваат независно еден од друг. |
| | **Раководење со училиштето** | Во врска со интервју со директор и стручна служба, за прашањето: „**Планирање и обезбедување квалитет во училиштето се постигнува со тоа што Училишниот одбор учествува во донесување и предлагање на сите документи со кои располага училиштето (предлага Годишна програма за работа на училиштето, Извештај за работа на училиштето до Советот на Општината , донесува Развојна Програма на училиштето, Статут на училиштето, објавува јавен оглас за избор на директор, дава предлог до директорот за избор на наставници и стручни соработници, одлучува по приговори и жалби на вработените, родителите и учениците и сл.“,** дојдовме до сознание дека планирање и обезбедување квалитет во училиштето се постигнува со тоа што Училишниот одбор учествува во донесување и предлагање на сите документи со кои располага училиштето (предлага Годишна програма за работа на училиштето, Извештај за работа на училиштето до Советот на општината, донесува Развојна Програма на училиштето, Статут на училиштето и сл.). При изготвување на развојното планирање учествуваат сите субјекти и тоа: наставниците, стручните соработници, директорот, родителите, учениците и претставник од локалната заедница, преку нивно анкетирање и одговарање на прашалници. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Соработката на сите овие чинители задоволува.<br><br>Раководниот орган – на училиштето е директорот кој е обврзан според ЗОО да има годишна програма за неговата работа која влегува и во склоп на годишната програма за работа на училиштето. Работата на директорот е пред се насочена кон унапредување на сите сегменти на работа и остварување на целите и задачите предвидени со програмата. Раководниот орган редовно одржува состаноци во текот на учебната година преку Наставнички совет, Совет на одделенски и предметни наставници, со стручните активи на училиштето како и со Советот на родители. Ја следи работата на вработените во училиштето.<br><br>Како орган на раководење успешно ги согледува, ги координира и ги обединува сите активности и потреби на сите вработени во училиштето. Раководниот орган постојано ја поттикнува, развива и следи тимската работа. Донесува праведни и одговорни одлуки и има професионален однос кон работата која се заснова на најнови вештини и има способност да комуницира со учениците, вработените и родителите. Иницира и успешно спроведува промени во работењето на училиштето, ги подобрува условите за работа со изведување на градежни работи и во центарот на своето работење ги става постигањата на учениците како и подобрувањето на имиџот на училиштето. Успешно и продуктивно остварува соработка со градоначалникот, локалната заедница, невладиниот сектор, со другите основни и средни училишта и ред други институции.<br><br>Раководниот орган – директорот секогаш ги реализира одлуките на училишниот одбор. |
| | **Управување и раководење со ресурсите** | Во училиштето анкетирани се <u>41 наставници</u>, на тврдењето: **Дали наставниците имаат современи помагала и литература која е потребна за воспитно –образовниот процес?**<br>- Со „да“ одговориле 4 машки, женски27 вкупно 31 или 75,6% од вк.број на испитаници;<br>- Со „многу“ одговориле 3 женско и 3 машки ,вкупно 6 или 7,3% од вк бр на испитаници;<br>- Со „понекогаш“ одговориле 1 машки и 3 женски, вкупно 4 или 17% од вк.бр на испитаници;<br>- Со „не“ одговориле 0 машки испитаник и 0 женски испитаници вкупно |

| | | |
|---|---|---|
| | | 0 или 0% од вкупниот број на испитаници.<br>Дали наставниците имаат современи помагала и литература, која е потребна за за воспитно образовниот процес? По однос на ова прашање: Со да ,многу, понекогаш, не се изјасниле вкупно 41 испитаник што значи 100% од вкупниот број на испитаници, додека 0 испитаници одговориле со не, или 0 % од вкупниот број на испитаници, значи дека наставниците имаат доволно современи помагала и литература која им е потребна, за воспитно образовниот процес. По бројот напроцентуална застапеност на одговорите на испитаниците ова прашање е позитивно.<br><br>Во анкетата спроведена меѓу <u>80 учениц</u>и на тврдењето: **<u>Дали училишната библиотека ги задоволува потребите на учениците?</u>**<br>- Со ДА одговориле 30 машки и 43 женски ,вкупно 73, или во проценти 81,1% од вк бр на испитаници.<br>- Со ДЕЛУМНО одговориле 9 машки и 7 женски, вкупно 16, во проценти 17,7% од вк бр.на испитаници.<br>- Со НЕ одговориле 1 машко и 0 девојчиња, вкупно 1 , во проценти 1,1 од вк.бр.на испитаници.<br>Позитивно по однос на ова прашање се изјасниле со ,,да,, 73 или вк 81,1% од вкупниот број на испитаници, делумно 16 или 17% од вкупниот број на испитаници. Бидејки одговорите со да и делумно ги сметам за позитивни заедно даваат 89, односно 98,8 рекле дека училишната библиотека ги задоволува потребите на учениците.<br>Негативно со „не“ се изјасниле вкупно 1 или 1,1% од вк.број на испитаници.<br>Со да и делумно одговориле 79 испитаници, што го селектирав за позитивно, додека 1 испитаник одговорил со не кое го селектирав за негативно. Значи најголемиот број на испитаници се согласува дека училишната библиотека ги задоволува потребите на учениците, што го рангирав на второ место ова прашање.<br><br>**Училишна библиотека**<br><br>Училишната библиотека со читална располага со повеќе од петнаесет наслови на книги по ученик, од кој во најголем дел се лектири, стручна литература и белетристика односно над 11210 наслови. Книжниот фонд во изминатите три години постојано се обновува и со рационална употреба ги |

| | | |
|---|---|---|
| | | задоволува потребите на учениците. Во училишната библиотека има и мал број на книги на англиски јазик и поголем број на турски јазик. За работењето на училишната библиотека има одговорен наставник. Библиотеката е отворена за користење од страна на учениците и наставниците во текот на целиот училишен ден. Целокупниот книжен фонд е добро подреден, а евиденција се води навремено и прописно. Библиотеката е опремена со компјутер со интернет конекција и има изработено програма-база на податоци за електронско водење на библиотечната евиденција. Преку МИО проектот библиотеката е обезбедена со наслови на книги на англиски и германски јазик и има изработено посебен дел за нив. Градската библиотека по повод „Светскиот ден на странските јазици“ донираше книги на повеке јазици.<br><br>Од извршената анализа на Прашалникот за лица вработени во локалната самоуправа во однос на искористенста на спортските терени, се утврди следното:<br><br>- 58% од анкетираните истакнуваат дека спортските објекти/терени се доволно искористени, а останатите 42% сметаат дека се недоволно искористени<br><br><br>**Потрошен материјал**<br>Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребна количина за сите вработени согласно планот за јавна набавка на училиштето.<br>Секоја година за потрошени средства се прави финансов план кој претставува проекција на предвидени трошоци што ќе се направат во текот на годината.Финансовиот план се изготвува во ноември предходната година а е во важност од наредната година од јануари до декември.<br>Во финансовиот план се предвидени сите трошоци по ставки за исплата на плата и придонеси, за исплата на комуналии, потрошни материјали за вработените-администрација, наставници и стручна служба.<br>Училиштето планира и навремено обезбедување на потрошен материјал, како на пр: хартија за штампање, тонер, хартија во боја, хамери, домашен ламинатор пластифицирка, нож за сечење на хартија во разни форми, маркери, креди во боја и др. потребен за реализација на наставните и |

| | | |
|---|---|---|
| | | вонnаставните активности.<br><br>Преку користење на многубројни задачи, активности и ресурси за работа во училиштето учениците се поттикнуваaат на усвојување на новите наставни содржини и ги користат веќе стекнатите знаења и вештини од соодветниот предмет или други предмети. Наставниците користат различни ресурси и приоди за реализација на наставата и тоа одобрени учебници, стручна литература, интернет (web страната на БРО и други web страни поврзани со образованието), училишна библиотека, цртежи, слики, нагледни средства. Изборот на задачи и активности наставниците ги планираат и тие се поврзани работата на учениците на час и се во соогласност со предвидените цели во наставата.<br><br>Училиштето располага со разновидна стручна литература и современи наставни средства и помагала за применување на современи наставни методи согласно Нормативот по сите наставни предмети, која ги задоволува потребите на наставниците и учениците. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала и континуирано ги обновува за да соодветствуваат со современите наставни текови. Училниците и кабинетите се опремени со Смарт табли и постојана интернет конекција, која овозможува примена на современи методи во наставата. Наставниците имаат лаптопи. Административниот персонал и стручните соработници се опремени со персонални компјутери. Училиштето располага и со други современи технички средства кои ги задоволуваат потребите на наставниците и учениците за успешно изведување на воспитно-образовниот процес и примената на современи методи на настава. |
| | **Раководење со кадарот** | Врз основа на спроведената анкета со наставниот кадар и анализата на добиените резултати, како и увидот во постојните интерни документи и практики, може да се констатира дека во училиштето постои **функционален и ефикасен систем на раководење со кадарот**, кој придонесува за позитивна работна клима и квалитетна реализација на воспитно-образовниот процес.<br><br>Најголем дел од наставниците (100%) изразиле дека им се допаѓа работата во училиштето во кое се вработени, што укажува на високо ниво на |

| | | |
|---|---|---|
| | | задоволство и припадност кон институцијата. Истовремено, 100% од испитаниците сметаат дека располагаат со соодветни современи помагала и литература и дека можат во целост да ги реализираат наставните програми, што укажува на соодветна организација на работата и поддршка од раководството.<br><br>Резултатите од анкетата покажуваат дека училиштето воспоставило **јасни механизми за следење и вреднување на работата на наставниците**, при што 100% од испитаниците потврдиле дека нивната работа на некој начин се оценува. Наставниците во висок процент (97,5%) сметаат дека имаат поддршка при осовременување и прилагодување на наставните програми, како и дека училиштето ангажира соодветни стручни кадри за нивна едукација.<br><br>Особено значајно е што наставниот кадар се чувствува вклучен во процесите на донесување одлуки – 97,5% од испитаниците изјавиле дека учествуваат во донесување значајни одлуки, што упатува на **демократски стил на раководење** и почитување на мислењето на вработените. Воедно, 100% од наставниците потврдиле дека постои ефективна комуникација меѓу колегите, а 92,6% сметаат дека сите наставници се третираат правично и еднакво.<br><br>Поддршката за наставниците кои се соочуваат со тешкотии во работата, особено во делот на дисциплина и однесување на учениците, е оценета како позитивна од 92,6% од испитаниците. Во оваа насока, наставниците најчесто бараат помош од психологот, педагогот, директорот, стручната служба и одделенските раководители, што потврдува дека во училиштето постои **функционален систем на интерна поддршка и соработка**.<br><br>Во делот на професионалната поддршка за нововработените наставници, 100% од испитаниците потврдиле дека на истите им се обезбедува соодветна помош и насоки, што е во согласност со постојната програма за менторство и поддршка.<br><br>Сепак, анализата укажува и на **одредени слабости**. Дел од наставниците (19,5%) во отворените прашања навеле забелешки поврзани со недоволна поддршка од родителите, селективност, хигиенски услови и недоволна ангажираност на дел од кадарот. Исто така, кај прашањата поврзани со |

| | | |
|---|---|---|
| | | подобрување на условите за работа и интересот за идни видови стручно усовршување е забележан поголем број на неодговорени прашања, што укажува на потреба од **подобра информираност, мотивирање и вклучување на наставниците** во овие процеси.<br><br>Во однос на внатрешните механизми за оддавање признанија, 60,9% од наставниците сметаат дека тие постојат, но процентот на неодговорени прашања укажува на потреба од нивно појасно дефинирање, поголема видливост и доследна примена.<br><br>Раководењето со кадарот во училиштето во најголем дел е оценето како **ефикасно, поддржувачко и инклузивно**, со високо ниво на задоволство кај наставниците, добра комуникација и функционални системи за поддршка. Идните развојни приоритети треба да бидат насочени кон унапредување на условите за работа, јасно дефинирање на системите за наградување и поттикнување на поголема активна вклученост на наставниот кадар во планирањето на професионалниот развој. |
| | **Следење и управување на наставниот процес** | Во училиштето анкетирани се 57 наставници, на тврдењето: **„Директорот и училиштето следат најмалку два наставни часови во текот на едно полугодие“** од кои 46 наставници односно 80,7% се изјасниле дека целосно се согласуваат дека директорот и стручните соработници следат најмалку два наставни часови во текот на едно полугодие, 10 наставници односно 17,5% се согласуваат со ова тврдење и 1 наставник односно 1,7% не се согласува.<br><br>Во училиштето анкетирани се 57 наставници, на тврдењето:**,, За моите наставни часови добивам конструктивна повратна информација,,** од кои 41 наставник или (71,9%) се изјасниле дека целосно се согласуваат дека за следените наставни часови добиваат конструктивна повратна информација, 14 наставници (24,56%) се согласуваат со ова тврдење и 2 наставника,( 3,5%) не се согласуваат.<br><br>Во врска со фокус групата со наставници на прашањето**: „Како се одвива процесот на на следење на квалитетот на релазиција на наставата?“**<br><br>**а. Кој следи? б.Честота на следење в.Процес на давање повратна** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **информација. д. Усогласување на планирањето/наставата со дадените препораки“,** дојдовме до сознание дека процесот на следење на квалитетот на реализација на наставата се одвива четирипати годишно и тоа двапати во првото полугодие и двапати во второто полугодие, преку посета на часовите од страна на директорот и стручната служба. По следењето наставниците добиваат повратна информација за посетениот час.<br><br>Во врска со интервју со директор и стручна служба за прашањето: „**Како се одвива процесот на на следење на квалитетот на релазиција на наставата?“**<br><br>**а. Кој следи? б.Честота на следење в.Процес на давање повратна информација. д. Усогласување на планирањето/наставата со дадените препораки “** дојдовме до сознание дека:<br><br>а) Квалитетот на реализацијата на наставата го следат директорот и стручната служба;<br>б) Секој наставник најмалку двапати во текот на полугодие е следен од страна на директорот и стручната служба;<br>ц) По следењето на наставата наставниците добиваат повратна информација за успешноста на реализацијата на часот и доколку има забелешки и констатирани слабости на тоа се укажува за во иднина да се коригираат;<br>д) Реализацијата на наставната содржина по наставни предмети е усогласена со планирањата на наставниците во годишните и тематско-процесното планирање.<br><br><br>Врз основа на анкетните прашалници и дискусиите спроведени со наставниците, стручни соработници и директорот заклучивме дека наставниците имаат посета од директорот и стручните соработници најмалку два наставни часови во текот на едно полугодие и добиваат повратна информација од стручната служба и директорот за истите. Стручните соработници во училиштето заедно со директорот секогаш се подготвени да помагаат, да ги подржуваат наставниците во своите идеи и поради тоа постои взаемна соработка помеѓу сите чинители во воспитно образовниот процес. По посетата на наставните часови стручните |

| | | |
|---|---|---|
| | | соработници секогаш даваат насоки за подобрување на квалитетот на наставата а директорот на училиштето се труди да обезбеди што подобри услови за работа на наставниот кадар за уште поголеми резултати и подобрување на успехот на нашите ученици. |

**Документи**

Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште.

**Извори на податоци**

Програма за работа на училишниот одбор, деловник за работа на училишниот одбор, статут на училиштето, записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни), развојна програма на училиштето, програма за работа на директорот, програма за професионален развој, докази за учество и дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски листи), интервјуа со наставници, родители и ученици и УО, распоред и процедури за користење на просторот и материјалите на училиштето, докази за вклученост во регионални, меѓународни мрежи (активности, дописи и апликации), активности и програма за работа на училишната библиотека.

| **Цели и креирање на училишната политика** | **Процедури за креирање на училишната политика** | Од Анкетирањето спроведено за наставниците имаме вкупно 41 анкетирани наставници од вкупно 59 наставници, кои се изјасниле по вкупно 18 прашања прашањата содржани во самите анкетни листови, од кои 8 машки од кои / 5 Македонци и 3 Турци /;33 женски од кои /29 македонки и 4 турчинки /.Анкетирањето е спроведено во текот на месец декември - 2025г.<br><br>На прашањето **,,Дали наставниот кадар учествува во донесување на значајни одлуки" ,се изјасниле:**<br><br>-Со „да" одговориле 6 машки и 18 женски, вкупно 24 или 58,5% од вк бр на испитаници.<br>-Со „многу" одговориле 1 машки и 4 женски, вкупно 5 или 12,1% од вкупниот број на испитаници.<br>-Со „понекогаш'' одговориле , вкупно 1 машки и 10 женски вкупно 11 или 26,8% од вк број на испитаници.<br>-Со „не" имаме 0 машки и 1 женски вкупно 1 или 2,4% од вкупниот број на испитаници.<br>Кадарот учествува во донесување на значајни одлуки. Со да, многу и понекогаш, одговориле 40 испитаници или 97,5% од вкупниот број на испитаници. Со не или не се согласува по ова прашање одговорил 1 или 2,4% |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| | | од вкупниот број на испитаници. Значи најголемиот број на испитаници се согласува дека кадарот учествува во донесување на значајни одлуки.<br><br>**На прашањето ,,Дали наставниците имаат подршка во осовремувањето на наставните програми"?**<br><br>-Со „да'' одговориле 4 машки и 27 женски, вкупно 31 односно 75,6% од вк. бр. На испитаници.<br>-Со „многу'' одговориле 1 машки, 4 женски вкупно 5 или 12,1% од вк бр на испитаници.<br>-Со „понекогаш'' одговориле 3 машки, 1 женска, вкупно 4 испитаници или 9,7% од вк.бр на испитаници.<br>-Со „не'' одговорила 1 женски и 0 м, вкупно 1 или 2,4% од вкупниот број на испитаници.<br>По однос на ова прашање: Со да, многу, понекогаш, не се изјасниле вкупно 41 испитаник што значи 100%од вкупниот број на испитаници, додека 0 испитаници одговориле со не, или 0 % од вкупниот број на испитаници, значи дека наставниците имаат доволно современи помагала и литература која им е потребна за воспитно образовниот процес.По бројот на процентуална застапеност на одговорите на испитаниците и ова прашање е позитивно.<br><br>Во врска со прашањето - **Наставниците и учениците взаемно се почитуваат**.<br><br>Со да, многу и понекогаш одговориле 39 или 95,1% од вкупниот број на испитаници. Со не или не се согласуваат одговориле 2 испитаници или 4,8% од вк број на испитаници. Значи дека најголемиот број на испитаници се согласува дека наставниците и учениците се мегусебно почитуваат.<br><br>Врз основа на анкетните прашалници и дискусиите спроведени со наставниците, учениците и родителите заклучивме дека училиштето доволно располага со материјали за работа, опремено е со голем број на нагледни средства и помагала. Во училиштето просторните капацитети со кои располага доволно не ги задоволуваат нашите потреби бидејќи имаме недостаток од училнички простор. Училиштето целосно го покрива и обезбедува потрошениот материјал за реализација на настава и вонналставните активности. Обезбедувањето на наставен кадар и стручни соработници училиштето навремено го обезбедува. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Сите залагање се резултат на стручноста на раководниот тим и вклученост на наставниците, стручните соработници и се разбира, на учениците и нивните родители. Во рамките на своите можности во училштето се забележува поголема транспарентност, и соработка со сите субјекти (наставници, родители, ученици) со цел да се воспостави систем на чесен менаџмент во водењето на училиштето со цел да се постигне квалитетно и професионално извршување на секојдневните задачи и обврски. |
| | **Резултати од развојно планирање** | Во врска со оваа тема од индикаторот Цели и креирање на училишната политика се користеа податоци од повеќе извори на информации.<br><br>Во нашето училиштето анкетирани се <u>90 родители</u>, на тврдењето**: „Информиран сум од страна на претставникот од Совет на родители за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период“,** 89 од родителите односно 98,9% се изјасниле дека целосно се согласуваат, 1 од родителите односно 1,1%се согласуваат со ова тврдење.<br><br>Од анкетата со наставници, 41 анкетиран наставник, за прашањето: **,,Колку, како наставници, сте вклучени во планирање на развојните цели и понатамошните активности во училиштето? Доколку не сте биле вклучени во комисијата за изготвување развојна програма, на кој начин сте добиле информации за стратешките цели на училиштето и активностите за нивно постигнување“? Со да, многу и понекогаш, одговориле 40 испитаници или 97,5% од вкупниот број на испитаници. Со не или не се согласува по ова прашање одговорил 1 или 2,4% од вкупниот број на испитаници. Д**ојдовме до сознание наставниците со свои мислења се вклучуваат во планирање на развојните цели и активности. Информации за стратешките цели се добиваат на наставнички совет.<br><br>Од спроведенат анкета со родители, а во врска со прашањето „**Колку добивате информации од страна на училиштето на**<br><br>a. **Советот на родители (вид на информации кои се споделуваат, задоволство од транспарентноста)**<br>b. **Училишниот одбор училиштето (вид на информации кои се споделуваат, задоволство од транспарентноста)“,** дојдовме до сознание дека Родителите често добиваат информации за работата на училиштето, дека тие се информирани за работата на советот на родители |

| | | |
|---|---|---|
| | | и секогаш транспарентни. Исто така, и членовите на УО најчесто споделуваат информации за работата на училиштето, тековните проблеми и секогаш се транспарентни.<br>Во врска со интервјуто со директорот и стручна служба за прашање кое се однесува на оваа тема **„На кои начини се споделуваат информации со засегнатите страни за резултатите кои треба да се постигнат со развојната програма“** дојдовме до сознание дека информациите се споделуваат согласно законските одредби.<br><br>При изготвување на развојното планирање учествуваат сите субјекти и тоа: наставниците, стручните соработници, директорот, родителите, учениците и претставник од локалната заедница, преку нивно анкетирање и одговарање на прашалници. Соработката на сите овие чинители задоволува .<br><br>Составен дел на развојниот план на училиштето се сите елементи потребни за реализација на воспитно - образовниот процес, поткрепени со јасната мисија и визија на училиштето, целите, задачите и активностите на евалуацијата. Планот е донесен за период 3 - 5 години. Се спроведуваат и анкети меѓу наставниците за да се констатираат добрите и лошите страни на работењето, се врши интервјуирање и анкетирање на родителите и наставниците. Исто така се прави и анализа на извештаите за одржани родителски средби, се разгледува извештајот за активноста на родителите. |
| | **Планирање и управување со училишниот буџет** | ООУ „Никола Карев“ како и сите останати образовни институции, добива средства од буџетот на Р Македонија како блок дотации за исплата на плати на вработените и за тековни трошоци, за непречено работење на установата.<br>Училиштето, секоја тековна година, во месец декември подготвува предлог Финансов план, на барање на Општината. Во подготовката се води од реалните потреби на училиштето (централното и подрачните). Така подготвен со одобрување и одлука од Училишен одбор, се доставува на одобрување до Општината. Секоја промена на Финансовиот план ја разгледува и одобрува органот на управување во училиштето. Во пракса, во една календарска година се прават околу два ребаланси на буџетот. Се прави во зависност од потребите и настанатите промени, односно согласно реализацијата на приходите и расходите и измените во планираните активности. Најголем дел од финансиските средства се трошат за плати и надоместоци за плати, а останатите се распоредуваат за секојдневно непречено работење на |

| | | |
|---|---|---|
| | | училиштето, и тоа: за потрошена електрична енергија, потрошена вода, ѓубрарина, обезбедување хигиенски средства, исплата на превоз на ученици, превоз на наставници. Дел од средствата се наменети и за други инфраструктурни проекти, како изградба на настрешници, реконструкција на салата за спорт и др.<br>Согласно планираните средства во Финансовиот план се прави и Годишен план за јавни набавки, кој го одобрува УО. Сите јавни набавки се реализираат според пропишаното, со запазување на главниот критериум најниска цена. Финансиските средства се исплаќаат врз основа на склучени договори за набавки и услуги од помала вредност, како што се: набавка на лектири, подготовка на распореди, административни и други услуги. Овие договори се склучуваат и реализираат во рамките на законски утврдениот минимален праг, при што вкупната вредност на поединечен договор не ја надминува сумата од 70 000 денари со вклучен ДДВ, согласно важечките законски прописи.<br>Исплата на услуги без јавна набавка се врши само кога се работи за мала вредност, под законскиот праг (минимални трошоци), а исплатата најчесто се врши по добиена фактура и со налог за исплата преку трезор. Вакви и слични исплати се вршат најчесто за: котизации за натпревари на учениците, репрезентации, училишни материјали, телефонска сметка (фиксен, мобилен), осигурување на објекти, и други оперативни расходи. Котизацијата за учество на учениците на натпревари се исплаќа врз основа на доставен список на ученици и ментори. Котизацијата за семинари на наставници се исплаќа врз основа на доставена покана за семинар и кога истата е оценета за релевантна и е во интерес на унапредувањето на работата на училиштето, исплатата се врши по пат на трансакција, согласно важечките прописи. Се води електронска архива за влезни и излезни фактури и се запазува рокот на доспеаност за исплатата.<br>Во буџетот на училиштето се планираат финансиски средства за исплата на плати за нови вработувања, по основ на замена, при пензионирање, за исплата на јубилејна награда. За испразнети работни места и по основ на пензионирање се прави план и се предвидуваат трошоци. Уште пред подготовката на Финансовиот план се прави анализа на вработените и се утврдува кои од нив ги исполнуваат условите за добивање јубилејна награда. Врз основа на таа анализа се врши пресметка на потребните средства, кои потоа се планираат и вклучуваат во Финансискиот план.<br>Средствата предвидени со Финансискиот план не се реализираат во целост, |

| | | |
|---|---|---|
| | | заради објективни причини. Дел од планираните активности биле поврзани со проекти и постапки кои се зависни од динамиката на одредени административни постапки. Заради застој во реализирањето на тие постапки, како и поради околности поврзани со изборниот период, не беше возможно навремено реализирање на планираните активности, а со тоа и планираните трошоци не се реализирани.<br>На крајот од секоја година се прави и Извештај за реализација на Финансовиот план кој го разгледува и одобрува УО. Се подготвува и завршна сметка од страна на Книговодствено биро.<br>Училиштето навремено ги превзема сите активности во рамките на своите надлежности и постапува согласно законските прописи, во реализација на финансовиот план. |

**Документи**

Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште.

Финансови планови за 2025, 2026 год.; одлуки од УО за усвојување на финансови планови и ребаланси на истите; увид во електронската евиденција на фактури; разгледување на договори за јавни набавки; разгледување на уплатен налог за котизација/семинар;

**Извори на податоци**

Развојна програма на училиштето; годишна програма за работа на училиштето; извештај од самоевалуација; план за следење и евалуација на реализацијата на акциските планови; анкети/интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите/старателите, учениците; записници од училишниот одбор, советот на родители, наставничкиот совет; интерни акти; програма за работа и извештаи за работата на училишниот одбор; деловник за работа на училишниот одбор; план за професионален развој; буџет и финансиски план на училиштето.

**Резиме**

Од одговорите на направените истражувања во училиштето со наставниот кадар, родителите и учениците и од

интервјуто со директорот и стручните соработници може да се заклучи дека директорот на училиштето е транспарентен во доменот на неговите надлежности. Секогаш навремено ги информира вработените за сите новитети кои се случуваат во училиштето и со севкупното работење во училиштето.

Она што на училиштето односно на наставниот кадар во училиштето му недостасува и во исто време е и приоритет за следниот период е поголема искористеност на спортските терени во училиштето, поголема поддршка на наставниците од страна на родителите, јасно дефинирање на системите за наградување и поттикнување на поголема активна вклученост на наставниот кадар во планирањето на професионалниот развој.

**Клучни јаки страни**

- Училишната библиотека располага со книжен фонд од кој ги задоволува потребите на учениците;
- Во училиштето прописно се води библиотечната евиденција;
- Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал во потребна количина за сите вработени согласно планот на училиштето;
- Раководењето со кадарот во училиштето во најголем дел е оценето како ефикасно, поддржувачко и инклузивно, со високо ниво на задоволство кај наставниците, добра комуникација и функционални системи за поддршка;
- Училиштето целосно го покрива и обезбедува потрошениот материјал за реализација на настава и воннаставните активности;
- Училиштето навремено обезбедува наставен кадар и стручни соработници согласно потребите на училиштето;
- Редовно одржување на инфраструктурата;
- Соработката помеѓу директорот на училиштето и Училишниот одбор е на највисоко ниво;
- Успешна соработка со локалната самоуправа, фирми, институции;
- Наменско користење на буџетските и материјалните средства.

**Слаби страни**

- Недоволна искористеност на спортските терени во училиштето;
- Недоволна поддршка на наставниците од страна на родителите;
- Селективност;
- Недостаток од училнички и работни простории;
- Поттикнување на поголема активна вклученост на наставниот кадар во планирањето на професионалниот развој;
- Училиштето нема воспоставено механизми за пофалување, наградување на наставници кои дополнително се ангажираат и постигнуваат резултати со учениците.

**Приоритети**

- Реновирање на училишната спортска сала и спортските терени;
- Поголема искоритеност на спортските терени во училиштето;
- Воспоставување на механизми за пофалување, наградување на наставниот кадар според вложениот труд;
- Вклучување на наставниот кадар во планирање на професионалнит развој;
- Обезбедување на работни простории за дефектолог, сензорна соба и училници за музичките паралелки;

**УЧИЛИШНА КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА**

1. Сузана Ѓоргиева - стручен соработник (психолог)
2. Мите Павлов - претставник од родители
3. Кире Јанковски - предметен наставник
4. Емилија Камчева - предметен наставник
5. Илија Ковачев - предметен наставник